# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Осумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 октомври 2004 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Осумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Рафис Алити, Иван Стоиљковиќ, Тасим Сулејмановски, Али Ахмети, Назми Беќири, Мендух Тачи, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Коце Трајановски, Слободан Чашуле, Зоран Крстевски, Трифун Костовски, Тито Петковски и Ванчо Георгиев ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со општиот претрес по Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година.

На листата, го нема господинот Аднан Јашари, избришете го.

Ја нема госпоѓа Емилија Костадинова, избришете ја.

Го нема госпдинот Груевски Никола, избришете го.

Го нема господинот Жарко Караџоски, и него избришете го.

Повелете госпоѓо Којзеклиска, стигнавте на ред.

(Во салата е присутна и госпоѓа Емилија Костадинова, која се јавува за збор).

Вие, после госпоѓа Којзеклиска.

Збор има госпоѓа Којзеклиска, повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, дами и господа пратеници.

Денеска на дневен ред како што знаете е ребалансот на Буџетот. Мене искрено ме разочара,што денеска го имаме ребалансот, односно Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година,а имаме само два месеци до завршувањето на фискалната година.

Од друга страна, пак, да бидам искрена овој ребаланс го очекував од моментот кога се донесе Буџетот на Република Македонија за 2004 година, поточно од моментот кога во првите три месеци од оваа 2004 година почна, или го имавме незапамтениот пад на индустриското производство, кој со таа тенденција беше и во наредните месеци. Најверојатно така ќе биде и до крајот на 2004 година, а истовремено знаејќи го капацитетот на владите две кои се сменија за оваа 2004 година.

На почеток ќе започнам со приходната страна од Буџетот. Не навлегувам во раздели, ставки, потставки,тоа го оставам на поголемите стручњаци од мене. И сега, кај сите приходи, како што ни е наведено во ребалансот на Буџетот, како што се приходите од акцизи помали за 2,9% во однос на првите седум месеци од 2004 година, приходите од увозни давачки помали за 2,6% во однос на планот за првите седум месеци од оваа година, приходите од данок на добивка помали за 17% во однос на планираното,значи кај сите овие приходи имаме намалување на реализираното во однос на планираното.

Владата ни понуди, односно министерот ни образложи поради кои причини состојбата е ваква со намалувањето, всушност со реализираните приходи во однос на планираното, но факт е дека и во приходниот дел Владата не успеа да ги испланира приходите, односно темпото и динамиката на нивното собирање.

И сега имаме од една страна непланирана поголема наплата на приходот од данокот на додадена вредност, со тоа се пофали вчера и министрот за финансии, што автоматски повлекува и повисоки наплати на вкупните приходи, само заради стапката на ДДВ, а од друга страна имаме пониска реализација на расходите, односно помалку потрошени пари од предвидените пари за трошење, што, како краен резултат, според образложението во самиот предлог за изменување и дополнување на Буџетот за 2004 година, дава суфицит во износ од 419 милиони денари.

Од трета страна пак, курсот на Владата во однос на цврстата монетарна политика и министерот вчера ни објаснуваше дека кога зборува за фискална политика истовремено зборува и за монетарна политика, заради поврзаноста на

овие две политики, тој курс на Владата, останува според кажувањата на министерот, ќе остане непроменет до крајот на 2004 година, односно Владата ќе води дисциплинирана политика заради задржување на стабилниот курс на денарот во однос на еврото.

Тука во овие параметри, сметам дека лежи и основната причина за ребалансот на Буџетот. Имено, ако реализираното отстапување од планираното ниво на буџетски дефицит и неговото делумно надоместување во остатокот од годината ќе предизвикало висока фискална експазија, која според однесувањето на министерот ќе доведе до нарушување на рамнотежата на девизниот пазар и зголемен притисок врз стабилниот курс на денарот.

Според Владата, ребалансот претставува една од корективните мерки, но искрено да ви кажам мене повеќе ми личи на шминкерска мерка, отколку на суштинска корективна мерка. Покрај ова, причина во експозето на министерот за финансии, ми се наметна и едно друго размислување за причините за ребалансот на Буџетот.

Владата вели дека во Буџетот капиталните расходи со овој ребаланс морат да бидат надополнети со оглед на фактот дека нивниот нереализиран износ околу 800 милиони денари со образложение дека тоа е резултат на ефектот од примената на Законот за јавни набавки. Но, читајќи меѓу редови во експозето кое го добивме вчера, ми се наметна заклучок дека рабалансот, односно отстапувањето кај планираното, кај капиталните расходи всушост е една добро испланирана политика од страна на Владата. Крајната цел не ја знаеме, барем сега-засега ниту јас, ниту поголем дел од пратениците, што пак треба да не се однесува на премиерот и на министерот за финансии.

Факт е дека во Република Македонија имаме висок односно досега невиден пад на индустриското производство. Тоа е една тема која што од јануари 2004 година континуирана сите овде ја спомнуваме, констатираме дека има пад на индустриското производство. Висок пад, кое пак резултираше со негативен раст на бруто домашниот производ и со тоа имаме намалување на економската активност во Република Македонија скоро до нула. Корегирајте ме, ако не е така.

Не можам да сфатам и покрај сите овие поразителни факти што ги кажувам и за падот, и за дефицитот и за намалена економска активност, иако Владата упорно настојува да ни објасни и да не убеди дека сите останати сектори од економијата бележат пораст, речи си идентичен со проектираниот, дури и поголем, како што кажа

вчера министерот за финансии, само што ете, да не бил падот на индустрискиот производ, бруто домашниот производ во првиот квартал ќе го достигнел износот од 2,8%.

Или нешто се сменило во теоријата и праксата на економските науки во светот или јас не разбирам каква е оваа математика што постои или фактичка состојба во Република Македонија, конкретно во економијата. Но, сигурно знам едно, верувам дека и вие ќе се согласите со тоа, како ние или една држава без индустрија и без индустриско производство планираме да имаме економија, економска активност. Колку што моите скромни познавање во делот на економијата ми кажуваат и од искуството, од тоа што го слушавме вчера и од министерот за финансии и од колегите пратеници кои дискутираа, знам дека индустријата е еден од најважните сегменти на економијата секаде во светот. Мислам дека е нормално индустријата да ги следи тие тенденции и во Република Македонија.

Што се промени во нашите, односно во главите на луѓето кои го креираат буџетот, како членови на Владата на Република Македонија, па ние сега бараме вина на секаде околу нас, само не таму каде што треба па да ги презентираме останатите показатели и да кажеме - ама, разберете, да не беше падот на индустриското производство во Република Македонија ние ќе имавме толку и толку бруто домашен производ, да ги обвиниме фирмите дека тие не ги пополнувале статистичките податоци како што треба заради грешка - образец, па го сменивме директорот на Заводот за статистика, па ги променувавме бројките во извештаите на Заводот за статистика.

Владата, покрај овој непланиран пад, според неа, на индустриското производство, мада сметам дека Владата требала да знае дека ние во Република Македонија немаме индустрија и нормално да се очекува да имаме пад на индустриското производство, значи како втор сегмент, Владата се жали дека најголем проблем на економијата во Република Македонија е вработувањето или невработеноста. Искрено да ви кажам, Владата нема што друго да каже освен “се надеваме”, “очекуваме”, бројот на вработените до крајот на 2004 година да се зголеми за 3% и тоа, внимавајте сега добро:

прво, како резултат на конзистентната макро економска политика,

второ, како резултат на преземените мерки насочени кон зголемување на флексибилноста на пазарот на работна сила и

трето, зголемен обем на странски директни инвестиции како главен генератор за отворање нови работни места.

Ова што го прочитав е Образложение на Владата врз основа на кои параметри ние, до крајот на 2004 година ќе имаме зголемување на вработувањето за 3%. Незнам како министерот утврди дека вработеноста ќе биде зголемена и врз основа на што утврди дека ќе биде зголемена за 3%, не знам колку е во моментот, значи на 15 октомври 2004 година, ако се знае дека истовремено Владата и во експозето на министерот за финансии при донесувањето на Буџетот јасно се декларира дека ние истовремено ќе имаме и намалување на јавната администрација за оваа година во износ од 4%.

Исто така, не ми е јасно како тие 5 илјади нововработени, како што вчера кажа министерот, прво каде се вработени, ако се иземат не знам колку припадници на заендиците кои не се мнозинство во Република Македонија, иако се иземат, никогаш точно утврдениот број на луѓе кои се вработија со Бранковиот закон - 2. Тоа е вториот, првиот заврши, значи актуелниот Бранков закон.

Со вака искажаните причини за зголемување од 3%, што се очекува до крајот на годината, верувам дека и министерот Поповски кога го читал сигурно не му било многу пријатно затоа што и тој знае искрено дека тоа никако нема да се оствари како што е напишано. Впрочем, хартијата трпи се, па и образложението кон ребалансот на Буџетот.

Понатаму, согласно планираното со Буџетот за 2004 година, за финансирање на инвестиционите активности во Централниот буџет беа предвидени 6,2 милијарди денари. Со ребалансот, тие средства се сведуваат на 5,3 милијарди денари или за 8,3 милијарди денари помалку потрошени од првопредвидетните.

Покрај овие предвидени средства со Буџетот за 2004 година, согласно министерот за финансии, обезбедени биле пари и од дополнителни извори за финансирање од донаторско и кредитно потекло, во вкупен износ од дополнителни 3,2 милијарди денари, како и 1,9 милијарди денари од Фондот за патишта. Значи, Владата имала намера, имала желба да обезбеди пари за овие капитални расходи, претпостсвувам знаејќи го нивното значење, но фактот дека немала талент и тие 6,2 милијарди денари, основните, единствено предвидени со Буџетот да бидат потрошени или да ги искористи, ако единствено не постои некоја од причините, значи добро разработена и строго наменска политика, што ние како пратеници не ја знаеме.

Сите министерства си имаат точно познати парични средства што им следуваат за оваа 2004 година. Значи, знаеја колку можат да потрошат, а сепак тоа не го сторија. Ако не е по нечија директива, ќе прашам зошто министерствата не ги потрошија предвидените пари во делот на капиталните расходи? Сепак, да не заборавиме дека и во самото составување на Буџетот учествуваа претставници од сите министерства, кои бараа за тековната година да им бидат обезбедени определени парични средства, определен паричен прилив. Најверојатно требале да имаат слика како, каде и колку ќе потрошат од парите кои и во крајна линија ги бараат од Буџетот.

Нормално, Владата, како колективно тело кое раководи или извршен орган во Република Македонија, сепак го дава крајниот збор за Централниот буџет, но јас искрено не знам кој бил мотивот на министрите да не ги потрошат паричните средства што им биле предвидени. Имавме реакции вчера од колегите, конкретно за Министерството за образование и наука, со овој Предлог на ребаланс им се намалува износот за определен број на милиони денари. Имаше реакции од колегите. Која била причината на министерот Азис Положани во врска со рабалансот на Буџетот и намалување на овие парични средства, најголем дел од науката, единствено министерот Азис Положани знае.

Вака, како што дојдовме до овој ребаланс на буџетот образложението на министерот и фактичката состојба, со оглед на тоа што овој ребаланс на буџетот помина низ сите комисии на Собранието на Република Македонија, секаде се наоѓаат забелешки во однос на најголемот отстапување што постои од планираното до реализираното, а тоа се капиталните расходи. И ова, за жал, претставува потврда дека секое минидстерство си е влада сама за себе, функционира како влада сама за себе, а Владата и покрај добрата намера, не успева некако да ги координира и да ги контролира сите министерства.

Или, со други зборови кажано, ова претставува уште една потврда дека беа оправдани барањата од опозицијата за доверба на Владата токму во овој дел, затоа што најголемите забелешки и критики се однесуваа на економијата во Република Македонија. Тогаш министрите, ако се сеќавате почитувани колеги не убедуваа, сите до еден, дека напорно работеле за оваа година, дека напорно работат, како во Република Македонија тече мед и млеко, како тоа што го сработиле министрите било одлично да не речам перфектно, ама ете ние, пустите, неразбрани пратеници и граѓани и народни претставници тоа никако да ни влезе во глава.

Едно да се разбереме. Парите значат се, и за секој од нас поединечно и за државата. А како ќе се распределат тоа е веќе умешност и способност за проценка на актуелната Влада. Независно која е Влада значи, врз основа на умешност почна да ги процени и да ги илуцира не само да ги илуцира, треба да предвиди што би можело да се случи за да не доаѓаме во ситуација повторно или континуирано или не секоја година да правиме ребаланс на Буџет.

На крајот на краиштата врз основа на таа умешност и проценка и она што го вети владеачката коалиција го доби мандатот од граѓаните на Република Македонија и треба согласно програмата која им беше нудена на граѓаните, барем во делот на еконимијата за почеток, вклучително и буџетот да биде остварен. Или, да биде распределен така за да граѓаните на крајот на краиштата го добијат она за кое гласале за вас и за нас.

Пред малку реков дека образложението на Владата за најголемото отстапување од планираното, во висина од 40%, со она образложение што го имаме за буџетот кај капиталните расходи и ќе повторам дека според образложението на Владата тоа било како резултат на донесувањето на Законот за јавни набавки, кој беше донесен во почетокот на годината, а со кој се зајакнуваат процедурите во врска со јавните набавки, а чија цел била да се зголеми контролата и транспарентноста на јавната потрочувачка.

Искрено да ви кажам, контролата можеби се зголемила, и колегата најдовски вчера тука зборуваше и не се согласуваше со ваквото образложение на Владата дека единствена причина е Законот за јавни набавки, ама за транспарентност во однос на јавните набавки и покрај донесувањето на Законот за јавни набавки јас досега ништо не видов од транспарентноста. И јас се согласувам со колегата Најдовски дека единствена приучина за отстапување од планот кај капиталните расходи е токму овој закон, ама ако е така, тогаш или Владата го донесе законот во погрешно време, не согледувајќи што ќе се случи, или Владата не знаеше какви ефекти ќе има овој закон на ниво на буџет и Јавната потрошувачка или имаме погрешна проценка од потребата на контрола на се и сешто па и на јавните набавки и на јавната потрошувачка во услови на економска активност нула во Република Македонија. Ќе се навратам и на други делови од експозето на министерот Поповски, министерот кажа дека во секој сектор што и претходно го спомнав во економијата значи имаме раст идентичен дури во некои и поголем од планираните. И, самиот министер даде определени примери. Земјоделството според министерот

расте за 3,0%. Врз основа на што министерот утврди дека земјоделството во Република Македонија расте и тоа за 3,06%. Навистина почитувани колеги не ми е јасно кога оваа Влада ги укина субвенциите, се она што е потребно за развој на земјоделството. Кои се параметрите на министерот тој си ги знае, ама на нас не ни ги кажува, или ги кажува погрешно.

Градежништвото растело со 9%, трговијата на големо и мало за 5,4%. Во последната година, па и последните месеци јас искрено мислам дека ние ќе се вратиме на првобитното општество каде што имавме натурална размена, јас тебе брашно ти мене шеќер, пари нема, а нема економија, нема пари, нема кој да купи.

Или пак имаме втора ситуација во која се доведуваат граѓаните, се разбира не по нивна вина, ќе земам тоа што ми треба, ама ќе ти платам кога ќе земам плата, кога ќе земам еднократна парична помош или кога ќе ми дојде редот за социјална помош во висина од 1950 денари, или пак системот рабуш, добропознат и тој функционира во Република Македонија. Па сега сами оценете вие дали трговијата на големо и мало расте за неверојатни 5,4%.

Угостителство и туризам за 7,4%, навистина министерот не е тука, заменикот незнам дали може да ми одговори, незнам дали можам да се змеам или да плачам за растот на угостителството и туризмот за 7,4%. Само ќе ве вратам назад, Охрид и Струга во оваа година дали имавме. Охрид го прекопавме, она што е барем покрај брегот се што имаше и изруши, Струга заради познатите настани за референдумот и јас незнам од каде дојдоа тие тгуристи, од која земја дојдоа и го развија туризмот за 7,4%, освен ако не е селски туризам, а јас немам информција за порастот на учеството на селскиот туризам во делот на угостителство и туризам.

Нелогичен и необјаснет ми е и растот на социјалната заштита. Во образложението на Министерот за здравство, јавни управи итн., за 2,2%. Ќе го споредам овој податок со податокот кај вкупните приходи во делот на социјалните надоместоци и надоместоците за детска заштита, кај кои имаме заштеда од околу 115 милиони денари, што било последица на зајакнатите контроли кои обезбедувале правилна дистрибуција на социјалната помош на социјално загрозените семејства и почитување на законот. Убаво е Владата што заштедила 115 милиони денари за овие надоместоци, но незнам каков план има Владата за наредниот период за решавање на проблемот на сиромаштијата во Република Македонија и за решавање на социјалните случаи чиј број верувајте постојано расте. Ќе се послужам со еден од колегите кои учествувале, ми се чини на Комисијата за финансирање и буџет кој

рекол, и потполно се согласувам јас со тоа дека штедењето не секогаш се смета за позитивна работа. Владата веројатно тргнува од фактот дека штедењето е позитивна работа, а не да бидеме Кир Јања за македонската економија.

Искрено да ви кажам знам дека министерот Поповски се труди да ги избалансира желбите и можностите на определени структури кога се однесува конкретно на буџетот, знам дека треба и на опозоцијата да и објаснува каде се се трошат парите, знам дека поради тој баланс што треба да го направи често пати се коси со неговите принципи, а знаеме дека министерот е принципиелен човек, знам дека и неговите образложенија во некој дел се издржани, во некој дел се неиздржани, ама тој мора да ги каже како образложенија, знам дека и овој ребаланс на Буџетот ќе помине благодарение на Парламентарното мнозинство, но  сакам да му поставам едно прашање, меѓутоа, министерот не е тука, можеби гледа на телевизија, па прашањето ќе го пренасочам кон заменикот министер, па ако сака нека одговори ако не кога ќе дојде министерот. Што добро или арно ќе видат граѓаните на Република Македонија од овој ребаланс на буџетот со оглед на фактот што тоа се пари кои се собрани од сите граѓани на Република Македонија.

Доколку министерот или заменикот на министерот се потруди да одговори на прашањето што добро или арно ќе видат граѓаните на Република Македонија од овој ребаланс ќе го молам г-динот заменик министер одговорот да не биде преамбициозен.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-ѓа Цветанка Гашоска.

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

Морам да и кажам на г-ѓа Којзеклиска да не го потценува селскиот туризам, кој и тоа како ни е битен. Покрај селскиот има и еден градскиу туризам, а тој е навистина развиен и тоа многу развиен. Доаѓаат и странци и не само во летниот период, туку и преку целата година. Доаѓаат светски елити и еминентни личности и имиња.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Контгра реплика има г-ѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас не го потценувам селскиот туризам, меѓутоа незнам на кој се однесува, со која ставка влегува во тие 7,4%, мислам дека беше растот на угостителството и туризмот.

Во однос на странците јас не велам дека не доаѓаат во Република Македонија , ама колку трошат за да имаме раст од 7,4%.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со дискусија.

Има збор заменикот министер за финансии Димко Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Само едно мало објаснување за да не настане забуна. На податоците на кои што се повикува госпоѓа Којзеклиска, ниту ги прсметуваме, ниту ги конструираме. Има државен завод за статистика кој што тие податоци ги прибира, ги обработува и се валидни за нас во проектите кои што ги обработуваме. Според тоа податоците не се конструкција на министерот и на Министерството. Тоа се податоци од релевантна државна институција и нив ги имаме како основа во изведувањето на проекциите. Според тоа, за да нема забуна дали стои селски туризам,  дали во Охрид имало гости, дали имало незнам каде, податоци кои што ни се доставени до државна институција и ние ги користиме. И за другите гранки исто така податоците ги користиме од државниот завод за статистика. Колку е растот тоа ќе го добиеме и тоа го земаме во ресметка.

Без амбиција госпоѓата Којзеклиска предолго зборуваше, премогу работи и повеќе се задржа на она што беше во експозето. Тоа  е она што ние го предлагаме ребалансот на буџетот, кој што го најавивме благовремено.

Колку се нејзините скромни познавања во економијата, особено во фискалниот дел таа самата кажа, меѓутоа премногу ги развлече работите во насока каде што тешко може сега се да се објаснува. Што арно, што добро, ќе видат граѓаните. Буџетот е основен документ на Владата на државата. Буџетот е за да се обезбедат основните фнкции а државата. Буџетот е бара за приходите кои што ги собираме и потребите на државата која то ги има за оавување на нејзините функции.Дали во ресорот  здраљвство, дали во ресорот на образование, дали безбедност, полиција, армија итн. Тоа е се добра кои што ги гледаат граѓаните. Дали може да биде повеќе или не тоа е дрго прашање, меѓутоа да знае г-ѓа Којзеклиска дека бруто домашниот производ не го сочинува само индустриското производство. Индустриското производство некаде учествува во создавање на индустирското производство со 24%. Според тоа не е тоа основен индикатор. Тој е значаен и за нас е многу битен. Имаше пад, ние никогаш не негиравме дека имаше пад на

индустриското производство, меѓутоа тој пад пополека со активирањето на одредени капацитети веќе се пегла и покажува добри резултати. Нашите проекции не водат кон постигнување на позитивна стапка на раст во 2004 година. Според тоа, што арно или што добро јас не можам да го разберам. Ако мисли што добрто и што подобро, да гостепенуваме тоа е сосема друга работа, меѓутоа тоа е документ низ кој може, јавен е, транспарентен е, низ кои може да се согледа колкава е јавната потрошувачка во државата и колкави се јавните приходи во државата. Тоа е во рамките на можностите. Тоа се само проекции и ништо повеќе. Проекциите можат да бидат точни, или да варираат плус минус во некои сегменмти.

Точно е тоа, и министерот објасни дека капиталните трошења се во еден дел забавени меѓутоа не треба да значи тоа дека не се потрошни или застанато е тука. Добар дел  ќе се потрошат. Добар дел ќе се интнзивира но не во оваа дистрибуција во која што сега ја имаме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-ѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван заменик министер.

Не е ваше право да го коментирате моето излагање, дали јас имам скромни или посолидни познавање во однос на економијата. Тие познавања што ги имам, она што го кажа министерот, податоците кои ги имаме со ребалансот на Буџетот ми даваат за право да го коментирам овој ребаланс на буџетот. Вие немате потреба ниту право да го прекоментирате.

Второ, државниот завод за статистика спомнавте дека ги дава овие податоци. Почитуван заменик министер. Вие поради падот на индустриското производство во првите три месеци од оваа година го сменивте директорот на Државниот завод за статистика. Сега дали сте сигурни дека тие податоци кои ги дал Државниот завод за статистика се точни. Што правиме ако не се точни. Тогаш и министерот за финансии е излажан во однос на податоците и врз основа на структурата на сите идни проекции на буџетот во Република Македонија.

Трета работа, му се заблагодрувам на заменикот на министерот што ми укажа да го преформулирам последното прашање. Прашањето гласи вака: “ Што подобро ќе видат граѓаните на Република Македонија од овој ребаланс на буџет?

ЛИЛЈАНА ПОПОСКА:

Одима понатаму со дискусии.

Има збор г-динот Славе Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, претставници на Владата, колеги пратеници.

Јас ќе се потрудам не воопштено да зборувам за експозето, туку повеќе ќе зборувам за конкретниот дел на ребалансот, гледано повеќе на цифрениот дел на приходна и на расходна страна. Тоа од една страна и од друга страна што со овој ребаланс, кои се импликации може да ги има во негативна или во позитивна смисла во реализирањето на проектирањето на целите во Владата на Република Македонија за 2004 година, се разбира и во монетарната сфера, во фискалната сфера и во крајна линија во севкупната макроекономска политила.

Буџетот за 2004 година го донесовме во декември 2003 година, знаете како го донесовме и кој буџет во глобала се третира што треба да се оствари во текот на 2004 година и глобално и поединечно многу е тешко сегакош она што се предвидува и да се оствари. Често пати и од објективно околности, некогаш од субјективни околности, на кои што покасно ќе се задржам зошто во текот на една година заостанува и ребалансот на Буџетот, за да се поправат соодветни работи кои што настанале во текот на една календарска година, бидејќи буџетот во крајна линија е еден кален дарски документ кој што трае од 1.01 од почетокот на годината до 31.12. , по истекот на годината.

Ние донесовме еден буџет кој што минатата година 2003 се потпираше на релативно добри показатели, кои што показатели сметам дека и во оваа година во глобала се остваруваат, иако често пати се користи дека дефакто, имаме пад на индустриското производство, а пред малку и самиот министер истакна по кој основ, по кој сектор, иако дел на пратениците од опозицијата сакаат да го дезавоираат тоа по оние сектори кои што ја чинат целокупната економија кај нас, дека во крајна линија велат дека не се точни тие показатели и како такви истите треба да ги прифатиме.

Јас сепак би сакал да се осврнам поконкретно на приходниот и расходниот дел што е направено во текот на оваа година и да дадам свое мислење, свои забелешки што во текот на годината во крајна линија треба да се направи и соодветни политики кои треба да се превземат, или да бидат основа за она што треба да го донесеме, во концептирањето на наредниот буџет, кој што е за 2005

година. Сигурно контурите и основите веќе се поставуваат, односно сите министерства изготвуваат свои предлози и мислења итн.

Во однос на приходниот дел, децидно е кажано дека главен приход е ДДВ и тука мора да покажеме едно позитивно гледиште дека средствата по основ на ДДВ се зголемени за 4% и нешто, или тоа се милијарда денари. Сметам дека тука успешно Министерството си ја заврши својата работа . И мислам дека сеуште има простор за зголемување на тие средства по основ на овие активности што се однесуваат во делот на една целосна фискализација во прометот во Република Македонија и како извор во финансирањето на сите активности на функциите на државата. Во крајна линија тоа е целта на буџетот и до крајот на годината мислам дека тие средства можат да се зголемат.

Во делот на царините итн. мислам, апсолутно треба да се прифати образложението кое е дадено, зошто соодветните средства се намалени, имајќи го предвид и вчера министерот за финансии г-динот Никола Поповски, децидно кажа по кој основ се намалени, за тоа имаме табели, можеме да видиме за реализација на соработка со сите земји, како таков факт да го прифатиме и од Светската трговска организација и очекуваме во наредниот период, токму овие приходни средства што ќе можат да сде намалуваат, затоа овие другите треба да ги имаме предвид.

Во тој дел сметам дека економската политика и мерките кои што треба да се донесат во делот на прибирањето на  ДДВ, можеби сметам ако данокот на ДДВ како приход се зголеми, може да се предвидат стапките на данокот на ДДВ да се намали и ако имаме намалување како економска мерка во реинвестирање на средства кои што ги инвестираат не се наплаќа истиот и по основ на мое гледиште во наредниот период да се размислува да се даде економски стимул на соодветните компании, за еден поуспешен развој.

Сега би се осврнал во делот на расходите. Втората страна од Буџетот битно поврзана со првата и мора да истакнам, можеби и ребалансот е дел од овие приходи или расходи, кои што настанаа и на почетокот како што истакнав, неможеше да се предвидат, или не ги знаеме во крајна линија.

Кој можеше да предвиди дека оваа година мора да се платат некаде 5 милиони евра, по основ на некое авантуристичко однесување на некои во некое време, а во скоро време да речеме однесувањето на директорот на Царина или министерот за финансии од 2001 година. Сите се сеќавате тогаш дека стоеа цистерните на границата со Грција, па да речеме по еден процес, каде што имаме

судска одлука на Врховниот суд, која што е извршна и овие средства мора да се платат со средствата од граѓаните, за тоа што така некој се однесувал некогаш, но секоја сериозна власт мора да ги почитува судските одлуки како инстанци и овие средства околу 5 милиони евра, ќе се насочеа во некои други активности. Сегас мора да се платат на Макпетрол , за што некој некогаш работел и последиците мора да ги плаќаме. И во тој дел тоа е така и мора да се истакне, а сигурно кога се онсеше или концептираше буџетот во декември 2003 година ова како факт во суштина и не постоеше.

Понатаму, често пати во делот на расходниот дел, непотрошените средства за капиталните инвестиции, дефакто, има тука соодветен процес, мора тоа да се истакне можеби од голема претпазливост и тоа може да се прифати како така. Ние можеби како нова власт, можеби во некоја друга крајност, можеби позитивно да не одиме во некоја друга крајност кои што претходно некои други ја правеа, па не мислеа колку ќе потрошат, дали ќе се потрошеа 400 милиони марки од Телеком по разновидни проекти и дали ќе имаме дефицит, како што го имавме 2002 година од 5,5% кога го правевме ребалансот во 2002 година, се трошеше, не се мислеше колку ќе се потроши, со сите тие негативни импликации, што во суштина сметам дека трошењето по основ на капитални инвестиции мора да се води построга сметка и оние институции кои што трошат такви средства, навистина, би требало навреме своите програми да ги донесуваат и тие средства да се употребат. Јас често пати зборував, иако се мали, таков ни е нам буџетот, да се разбереме во крајна линија, можеби нема доволна развојна компонента нашиот Буџет, камо среќа од сите редства од централниот Буџет, да речеме, 20% одат за капитални инвестиции. За жал, не одат ни 10%, тоа е таа компонента, но тоа е резултат на нешто друго. Тоа е резултат тоа што од централниот Буџет скоро повеќе од 1/3 одат средствата за надоместоци, за плати итн. Дали имаме тука превработеност во администрацијата итн. Тие се односи, кога би се измениле, се разбира во крајна линија би добил и Буџетот свој развоен дел, своја развојна компонента и јас мислам дека во иднина би требало тука да се води сметка и во крајна линија и државата преку тие јавни капитални инвестиции придонесува за раздвижување на дел на економски субјекти, кои што би довеле можеби и до пораст на индустриското производство, или некои други позитивни показатели, но состојбата е таква каква што е. Додека одат повеќе од 1/3 од средствата за плати и надоместоци, сигурно развојниот дел на Буџетот, нема да биде ваков каков што е.

Тука би истакнал во делот на овие средства што често пати ги критикуваат, а ги критикува опозицијата кои што се рефундираат и зголемуваат во Агенцијата за вработување по основ на оние вработувања, кои се остварија во 2003 година, по основ на т.н. Бранков закон. Навистина, најсериозно ќе ви кажам и мене ми е криво тој закон што се укина. Би требало по целокупните овие мерки, кои што ги предвидува Владата за наредната година, да предвиди соодветни олеснувања во делот на вработувањето. И тоа е една политика, затоа што и по тој закон кој што функционираше некаде во месец април до декември се вработина над 15 илјади нововработени по тој закон. Во крајна линија 15 илјади семејства се усреќија, почнаа да работат. И ние треба да мислиме на таа политика ако ни е голем проблем вработеноста, мора да се превземат соодветни мерки за намалување на таа невработеност, каде што државата ќе се јави како поттикнувач. Ние поднесовме или сакавме да поднесиме дел од пратеници еден закон кој што беше нешто између тој закон и тој што сакавме да го поднесеме, а Владата вети дека ќе донесе нов закон каде што ќе има спoодветни олеснувања за компаниите кои ќе вршат нови вработувања и не е лошо од Буџетот да се рефундира. Лично сметам дека не се тоа некои трошоци, тоа се фактички јас би рекол  под наводници капитални инвестиции за вработување, каде што луѓе би се вработиле во материјалното производство, би произведувале материјални добра со сите оние реперкусии и позитивни последици кои што можат да настанат.

Јас би сакал да истакнам и во концептирањето на новиот буџет, сигурно во предвид ќе биде и соработката со меѓународните финансиски институции. Сметам дека овој ребаланс до крајот на годината ваков каков што е предвиден ќе придонесе да се постигнат проектираните цели и како такви тие цели ќе претставуваат основа за носење на новиот буџет за 2005 година, кој што веројатно ќе придонесат за подобрување на целокупните состојби.

Ние како пратеничка група на СДСМ овој ребаланс на буџетот ќе го подржиме и верувам што побрзо ќе го донесеме.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму со дискусии.

Збор има г-динот Блже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитуван заменик министре, почитувани колеги пратеници,

Пред да се осврнам на содржината на овој ребаланс, сакам да искажам едно задоволство, затоа што за овој ребалан може да зборуваме повеќе од 10 минути, затоа што за буџетот можевме само 10 минути максимум да зборуваме, што значи дека имаме едно прогресивно подобрување н аможностите на пратениците да дискутираат за трошењето на народните пари.

Покрај ова задоволство, јас морам да искажам иште едно задоволство, а тоа е дека на овој начин можеме да дискутираме и за социјалните трансфери, за кои што неможе да се расправа на Комисијата за труд и социјална политика, која што веќе две години не работи, затоа што парламентарното мнозинство неможе да се договори дали албанците треба да го употребуваат својот јазик и при претседавањето на собраниските комисии и тоа го оставаат за решавање во некое идно време.

Значи, заради коалиционо недоговарање , или недоволно прецизно договарање се девалвира, или се оневозможува работењето на цела една собраниска комисија, која што,само за ваша информација треба да расправа за тема за која што се трошат 50% од буџетот на Република Македонија, значи за социјални трансфери.

Исто така, задоволство ми е што вака за овој ребаланс може да дискутираме и околу нереализираните реформи во јавната администрација, затоа што реформите, за кои што се залагаше оваа Влада и која што на големо велеше дека ги реализира , се сведоа на едноставно, отпуштање од работа на политички неистомисленици, или на лица кои што биле вработени во времето на претходната власт и на нивно место вработување на привразници на коалициониот партнер ДУИ заради т.н. подобрување на застапеноста на етничките заедници во јавната администрација, меѓутоа и со една многу добра бројка на ангажирање на лица блиски до другите владеачки партии со т.н. договори за дело, за кои што како пратеник имам поставено веќе 2 години пратеничко прашање до Владата на Република Македонија . На последната седница повторно е тоа прашање поставено и до ден денес никој не одговара, дали е тоа законски начин за ангажирање на лица во јавната администрација, во јавните претпријатија, или во другите правни субјекти во Република Македонија.

Исто така, сметам дека сеуште неможат да разберат граѓаните на Република Македонија , зошто средствата кои што се обезбедуваат, или се обезбедија во претходниот период од покачувањето на ДДВ од 5 на 18%, особено, тука имаше влијание врз покачувањето на цената на електричната енергија, потоа парите кои ги плаќаат за зголемите цени на јавниот превоз, лековите, средствата за лична хигиена, вештачките ѓубрива итн. граѓаните се прашуваат зошто тие средства не одат кон економски развој, зошто не им се дава развојна примена, туку тие одат за плати и други надоместоци, кои што произлегуваат од реализација од нереализација на реформите на јавната администрација, односно, денес граѓаните на Република Македонија преку даноците кои ги плаќаат при купувањето на секој производ од 18%, плаќаат средства кои што не одат за ништо друго, туку одат единствено 1/3 за плати на јавната администрација, кои што според последните податпоци изнесува околу 120 илјади лица и ангажирање на лица со договори за дело на кои што исто така им се исплаќаат по други основи од Буџетот на Република Македонија  или од средствата, кои се средства од јавните претпријатија, а чие трошење директно се одразува на профитабилното работење на овие претпријатија, што директно влијае и врз полнењето на Буџетот на Република Македонија , затоа што сите знаеме дека од вишокот на средства кои што ги остваруваат јавните претпријатија се пополнува и буџетот на Република Македонија. Ова особено кога се зборува за  ЕСМ, меѓутоа, секакот тоа важи и за здравствениот сектор каде што има ангажирано огромен број на лица, кои што се ангажирани на местата на лицата кои што беа отпуштени во претходниот период, затоа што наводно нивниот ангажман, нивното вработување не било целисходно во тој период.

За земјоделието разговаравме во текот на претходниот период од оваа година и јасно беше кажано и од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и од премиерот на Владата дека субвенции за земјоделието нема. Меѓутоа, и оние малку средства,кои што беа предвидени за намена односно за подршка на земјоделието, добивме во текот на вчерашниот ден амандман со коу Министерството за финансии како предлагач на овој ребаланс на Буџетот, средствата кои беа наменети во износ од 9 милиони за одредени намени во земјоделието, сега се намалуваат за 3,5 милиони денари и тие 3,5 милиони денари одат за изградба на некои објекти на Министерството за внатрешни работи. Значи приоритет е сигурноста . Владата цело време зборува дека сигурноста и стабилноста на оваа држава е на потребното ниво, а од друга страна сите

трансфери, или сите движења, пренамена на средства со ребаланс што се прават, или добар дел од нив, одат за МВР, а се земаат или од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, или од науката, која што исто така мака мачи за да може да опстои како функција во ова општество.

Исто така, постојано слушаме дека состојбата во која што се наоѓаат студенските домови не е на нивото на кое што треба да биде, меѓутоа, никогаш не слушнавме збор дека студентирте живеат навистина во едни многу лоши услови. Имав прилика пред некој ден да видам во кои услови живеат студентите во Студенскиот дом “Стив Наумов” и навистина, верувајте оние услови неможат да се наречат нормални услови за живеење на иден носител на развојот на Република Македонија на академски граѓанин кој што треба да го носи товарот на иднината на Република Македонија. Затоа, во Буџетот нема предвидено средства, мислам нема со овој ребаланс предвидено средства за надминување на овие состојби во кои што се наоѓаат сместувачките капацитетиу на студентите. Потоа, пари за научна дејност нема, нема пари за стипендии, но пари има за државниот Тетовски универзитет, затоа што таму е потребно и неопходно да се изнајдат пари, независно дали реалните можности на буџетот и реалните можности на Република Македонија дозволуваат издржување во толкава мера на еден ваков универзиртет, каде што само ќе ве потсетам, беа преддвидени ако не се лажам 86 милиони денари.

Ако точно ја имам запамтено бројката. Истовремено, министерот за финансии одржува средба со претставници на научната дејност со луѓе кои се занимаваат со оваа дејност и им ветува дека допрва треба да се оствари една средба на која што ќе се договори начинот на кој што ќе се обезбеди поддршка на научната дејност во Република Македонија. Поддршката се обезбедува со реален предлог по пат на овој ребаланс што го правиме овде во Собрание, сега и тука и на тој начин реално може да се покаже волјата, наводната волја на Министерството и на Владата за поддршка на научната дејност, а не само со одолговлекување на проблемите кои што треба да произлегуваат од нефинансирањето на таа дејност или занемарувањето како небитна дејност, која што не е толку значајна за Владата на Република Македонија.

Како добро извршување на експозето на министерот за финансии се наведе намалувањето на потрошените средства од Буџетот на Република Македонија за детската заштита и за социјални надоместоци во износ од 115 милиони денари. Моето прашање е, ако образложението на министерот беше дека на овој начин со

ригорозна контрола се успеало да се заштедат 115 милиони денари, тогаш зарем социјалната слика во Република Македонија е толку добра што овие веќе предвидени средства за социјални намени, не се пренаменат повторно за социјални трансфери. Дали тоа би било за хендикепирани лица, дали тоа би било за детска заштита, дали тоа би било за подобрување на одредени состојби во социјалната сфера. Меѓутоа, единствено што се кажува, а тоа е дека овие средства се заштедени, не се потрошени за овие намени и нивното трошење се аргументира со потребите од реализација на Рамковниот доковор за одредени намени или Министерството за внатрешни работи или не знам кои други институции, кои што единствено што значат дека значат приоритети за Владата на Република Македонија. Меѓутоа, како што знаеме Владата секогаш гледа многу понапред од граѓаните и затоа се дојде до оваа ситуација со референдумот по однос на ова прашање и се надевам дека граѓаните доволно гледаат колку напред гледа Владата, затоа што јас само сакам да потсетам за некои работи и ветувања кои што беа дадени, меѓутоа и со овој ребаланс се покажа дека проектираното, не само во областа на прибирањето на средства во областа на буџетската потрошувачка, туку генерално во вкупната економија на Република Македонија, не се остварува. Значи, погрешно планирање или планирање кое што не е засновано на реални аргументи и критериуми. Тоа може да се аргументира и со фактот во однос на трошењето на средствата наменети за капитални инвестиции во Буџетот на Република Македонија.

Ако се вратиме малку наназад, ќе видиме дека со нетрошењето на овие капитални инвестиции, а фактички од самото формирање на Владата на СДС и ДУИ, не постои трошење на овие средства и секогаш тука е најголемиот проблем на оваа Влада. Ако се сеќавате, еден од аргументите за смената на тогашниот министер за финансии господинот Петар Гошев, беше дека тој не презел доволно мерки и премногу штедел односно не презел мерки за трошење на капиталните инвестиции и не дал никаков импулс односно никаква развојна поддршка на економијата во Република Македонија. Потоа, сведоци бевме и сведоци сме тука дека господинот Петар Гошев сега стана гувернер на Народна банка на Македонија, па министерот за финансии во текот на вчерашното експозе кажа дека е одлична координацијата помеѓу Министерството за финансии и Народната банка на Македонија и на овој начин економските и финансиските односно оние компоненти кои што директно се одразуваат и на буџетската потрошувачка, меѓутоа и на реалната потреба на економијата од нови и свежи средства воопшто не се земаат предвид при

конципирањето на нивната политика, макроекономска политика, затоа што, да ве потсетам и тоа, ние имаме донесено макроекономска политика на Република Македонија во која што се предвидени мерки и цели кои што треба да се постигнат со таа макроекономска политика. Секоја одговорна влада во сите нормални држави во светот мора да даде отчет за нереализацијата на оние цели кои што ги има проектирано и на тој начин да покаже дека е одговорна Влада односно дека може да понесе одговорност за она што го ветува овој пат како Влада, затоа што веќе видовме дека премиерот Хари Костов се огради од ветувањата кои што ги даваше СДС пред изборите од 2002 година.

Еден интересен податок беше дека во последните седум дена од минатата година се вработиле многу лица, според тогашниот Закон за поттикнување на вработувањата односно Бранковиот закон и од тие причини биле потребни дополнителни ни помалку ни повеќе, туку точно 679 милиони денари. Тоа е официјалното образложение на министерот за финансии. Јас ќе ве потсетам дека во тие седум дена, мислам образложението беше дека Биуџетот беше подготвен и дека во тие седум дена се вработиле најголем број лица, кои неочекувано се вработиле во тој период. Па, да направиме една математика. Ако државата за еден вработен согласно Законот за поттикнување на вработувањето или таканаречениот Бранков закон плаќаше 4,5 илјади денари, тогаш за 12 месеци годишно, затоа што Буџетот се донесува за цела 2004 година износот кој се плаќа од Буџетот по вработен изнесува околу 50-тина илјади денари, максимум 55 илјади денари. Значи, за тие седум дена на крајот на 2003 година, согласно бројката која што беше дадена од министерот во однос на тие 670 милиони денари излегува дека биле вработени ни помалку ни повеќе туку околу 1200 лица. Значи просечно по 170 лица дневно се вработувале, затоа што седум дена по 170 лица се околу 1200 нови лица вработени во тие седум дена. Ако ова претставува аргумент со кој што се оправдува дека се потребни 670 милиони денари, верувајте јас не можам како пратеник овде да бидам убеден дека е ова реален аргумент со кој што може министерот за финансии да ме убеди дека погрешните проекции произлегуваат од толку големиот број на вработувања во последните седум дена од 2003 година. Значи, не само во однос на предвидувањата на вработувањето, не само во однос на нереализацијата на мерките и целите кои што беа потребни за реалзација на макроекономската политика на Владата на Република Македонија за 2004 година, не само во однос на неспособноста за трошењето на капиталните инвестиции, не само во тоа што се нема доволно

активност за реализација на проекти кои што ќе значат поттикнување на економијата. Не само заради тоа што економијата односно економските субјекти се препуштени сами на себе, затоа што може само декларативно тука да се тврди дека има некаква кредитна поддршка, но реално прашајте било кој бизнисмен или слушнете ги нивните изјави по медиумите, многу лесно ќе забележите дека нема лица кои успеале да добијат кредити и кои имаат каматни стапки кои што можат да издржат профитабилно работење или инвестирање во тие фирми. Значи, Владата на Република Македонија не само што ги крева рацете, зборува за либерална економија, меѓутоа, либерална економија претпоставува услови за функционирање на економските субјекти на пазарот. Ако тие услови значат високи камати на банките, ако тие значат некомерцијален однос на банките кон фирмите, кон економските субјекти, ако тоа значи непочитување на барањата, еве сега имавме пример кога се бараше од страна на новоформираната Стопанска комора Владата да се откаже за одреден временски период од ДДВ и од царината за опремата и суровините кои што ги користат овие фирми од увоз и на тој начин да се даде реална поддршка на овие стопански субјекти од страна на Владата, Владата се оглушува и единствено што вели, вели ќе видиме, има време во наредните три години, ние правиме реформи, имаме намера да реализираме вакви или такви работи и завршува со единствениот и основен изговор, да, ние знаеме дека имаме проблеми, меѓутоа, ние мораме да мислиме на реализација на Рамковниот договор и да мислиме на нашиот пат кон ЕУ и НАТО. Меѓутоа нашиот пат кон ЕУ и НАТО и реализацијата на Охридскиот рамковен договор не може да биде надвор од значењето на економските состојби во Република Македонија. Значи, економијата, економските параметри, сиромаштијата која што владее во Република Македонија, борбата против неа, зголемениот број на невработени во Република Македонија, сето тоа допринесува само за зголемување на проблемите кои што ги има Република Македонија, а со тоа зголемување на проблемите кои што ги има и Владата на Република Македонија во однос и на полнењето на Буџетот и на проекциите кои што треба да ги врши, затоа што факт е дека 50% од Буџетот е за социјални намени и факт е дека 1/3 од Буџетот на Република Македонија се користи за плати и други надоместоци на вработените од јавниот сектор, односно таканаречените буџетски корисници.

Според експозето на министерот, главни причини за ребалансот на Буџетот се ревидирањето на макроекономските показатели, пред се бруто домашниот производ

и инфлацијата. Значи, со еден збор тоа значи признание на министерот за финансии дека проекциите на Министерството за финансии на Владата за 2004 година, за растот на бруто домашниот производ и за стабилноста на курсот на денарот, се покажале погрешни. Фактички, со ова директно се прави обид да се тргне настрана падот на бруто домашниот производ во индустрискиот сектор, затоа што министерот за финансии имаше еден обид преку неговото експозе да го тргне настрана индустрискиот сектор, а да ги прикаже сите други сектори како едни сектори, во кои што многу добро се зголемувал бруто домашниот производ на Република Македонија, а факт е дека бруто домашниот производ е целина, тој не може да се дели само по гранки или по сектори, туку индустрискиот сектор ја претставува суштината на тој бруто домашен производ. Затоа што, другите дејности, пред се, претставуваат услужни дејности, трговски дејности и тн., што значи дека во Македонија производството го нема, производ кој што произлегува како реална македонска вредност произлезена од економијата во Република Македонија.

При донесувањето на Буџетот за оваа година, Министерството за финнсии очекуваше раст на бруто домашниот производ од 4% до крајот на оваа година. Тоа не се случи. Се случи токму спротивното. Падот на бруто домашниот производ министерот го правда со ликвидацијата на загубарите во 2003 година и влијанието на нивното неработење во 2004 година односно во податоците кои што се однесуваат на раст или на состојбата на бруто домашниот производ. Меѓутоа, јас тука го имам и експозето на министерот при донесувањето на Буџетот за 2004 година и верувајте во истото тоа експозе исто се тврди дека, тргнувајќи од тоа дека во 2003 година е достигнат очекуваниот раст на бруто домашниот производ од 3% и дека во текот на 2003 година се затворени фирми загубари кои што придонесуваат во растот на индустриското производство во Република Македонија, се очекува ваков и ваков буџет кој што е предложен како Буџет за 2004 година и како таков усвоен. Ако е тоа тогаш предвидено, која е причината сега министерот да се правда дека ние не знаевме дека толкаво влијание ќе имало затворањето на тие загубари за растот на бруто домашниот производ во Република Македонија. Значи, само се бара изговор зошто е тоа така, меѓутоа, не се преземаат конкретни мерки за надминување на оваа состојба.

Сигурно дека при донесувањето на Буџетот за 2004 година фактор била или еден од аргументите од кои што се тргнувало била и надежта или вербата во она што го зборуваше тогашниот премиер, господинот Бранко Црвенковски по однос на

економскиот бум кој што не очекува во 2004 година и заради тие причини веројатно и Министерството за финансии предложило буџет, кој што гледаме и самите не се остварува онака како то се очекуваше. Меѓутоа, не само тоа, туку и тој економски бум некако застана, затоа што економскиот бум кој што беше еднаков на изградба на трговски центар на профунционирање на слободна трговска зона, на изградба на комбинирана гасна централа и продажба на одредена бројка на градежни локации, како што гледаме не предизвикува раст на бруто домашниот производ. Ветувањата на тогашниот премиер за 2004 година не се исполнуваат. Овој ребаланс е признание за неспособноста или немоќта на Владата да се справи со овие проблеми и навистина да реализира барем дел од она што го ветува како Влада на Република Македонија, независно од сите други проблеми кои што постојано и тековно се случуваат. Затоа што, јас само ќе потсетам дека кога се зборува за трошоци кои што се предизвикани со претседателските избори или трошоци кои што се предизвикани со референдум, јас можам само да ве потсетам едно, дека претседателските избори требаше да се одржат оваа есен, независно од несреќата која што се случи во февруари. Значи, во Буџетот за оваа година имало предвидено средства кои што биле наменети за реализација на претседателски избори во Република Македонија во 2004 година. Зборуваме за трошоци за референдум Трошоците за референдум исто така можат да се заменат за оние трошоци кои што беа предвидени за локални избори, затоа што во Буџетот за 2004 година имаше предвидено средства за локални избори. Зошто не се спомнува дека по 2004 година проекциите и за локални избори и за претседателски избори постоеја. Претседателските избори се одржаа, локалните избори не се одржаа оваа година, а ќе влезат во Буџетот за идната година. Меѓутоа, трошоците на референдумот се сигурно многу помали од трошоците кои што треба да ги има Владата на Република Македонија преку Буџетот за реализација на локални избори во државата. Овие работи и објективноста во дискутирањето по однос на реалните состојби со буџетската потрошувачка, со реалната економска состојба, со причините за ваквата состојба или за проблемите кои што ги има Министерството за финансии по однос на полнењето на Буџетот и трошењето на буџетските средства, треба да се засноваат на реални аргументи и реални критериуми и на тој начин да може да имаме навистина конструктивна расправа со цел не како пратеници само да критикуваме, туку и реално да помогнеме со наши предлози, но и да му помогнеме на Министерството за финансии да го полни Буџетот, меѓутоа, полнењето на Буџетот да не биде само на сметка на

граѓаните на Република Македонија, кои треба да чувствуваат се поголем и поголем товар, туку треба да биде и на сметка и на оние кои што се занимаваат со сива економија и на сметка на оние и најмногу на сметка на тие кои се занимаваат со шверц на различни производи, на сметка на сите оние кои на различен начин ги изигруваат законите, не плаќаат даноци, а на тој начин се здобиваат со средства кои што дирекно можат да се насочат во економијата и на тој начин да се придонесе за некакво економско раздвижување во Република Македонија.

Не сакам да должам многу, навистина, сакав само да опфатам одредени сегменти кои што сметам дека се значајни, со цел да се утврди дека исто се зборува, верувајте, истото она што беше кажано при експозето за донесувањето на Буџетот за 2004 година, буквално истото го имаме и сега со одредени нијанси кои што можат да бидат вакви или такви. Заради сите тие работи сметам дека, она што се кажуваше и да сепомнам во однос на бројот на невработени, министерот за финансии излезе на оваа говорница и кажа дека бројот на невработени во Република Македонија е намален за 5000 лица.

Зошто не кажа од каде произлегуваат тие проекти, кој е изворот натие податоци, согласно податоците на Заводот за статистика, колку е намален бројот на вработените, или како се намалил бројот на невработените, или може да си играме, зависно од потребите, еднаш да зборуваме за бројот на вработени кој постојано се намалува, да видиме колкав дел од тие вработени кои се водат како вработени, не земаат подолг период плата. Значи нема плаќање на придонеси за пензиско, за инвалидско, за здравствено осигурување, значи нема полнење на тие фондови, мора да се дава поддрка од Буџетот за покривање на тие средства, затоа што ако имаме зголемување на вработеноста тоа единствено значи зголемвуање и на средства по однос на плаќање на придонеси во тие фондови. Од друга страна намалувањето на бројот на невработени се однесува единствено на една техника која почна да ја спроведува сегашната Агенција за вработување, или поранешниот завод за вработување на Република Македонија. Таа техника се состои од тоа, оној кој не се евидентира, се брише од евиденција. Оној кој не отиде да се пријави еднаш во месецот, или на триесетиот ден, се брише од евиденција, затоа штона тој начин Владата односно Агенцијата за вработување смета дека тој човек не бара работа односно не е ангажиран за решавање на неговото прашање на вработување. Меѓутоа, поврзаноста на зголемвуањето на бројот на вработени или намалувањето

на невработеноста во Република Македонија, многу добро ја лоцирал баш министерот за финансии, г. Никола Поповски, на следниот начин. Тој вели дека проблемот со невработеноста на среден и на долг рок не може да се реши, до колку не се обезбедат средни одржливи стапки на раст на нашата економија, на еден долг период. И во експозето за 2004 година се вели дека токму затоа една од основните цели  на нашата политика за идната година е да се забрза постојниот раст, кој што рековме дека е 3% на крајот на минатата година и да креираме реален пораст на бруто домашниот производ за 2004 година, од најмалку, ќе повторам, најмалку 4%. За жал на сите граѓани на Република Македонија, верувајте јас не сер адувам што е ваква состојбата, независно што настапувам како пратеник на опозицијата. Јас би бил радосен кога тука Владата и Министерството би излегле да прават ребаланс затоа што има повеќе приходи и тие приходи треба да се наменат за поддршка на економијата во Република Македонија. Меѓутоа, за жал, не е така. Затоа сите други аргументи кои се употребуваат по однос на тоа дека не била добра координацијата помеѓу министрите, ќе се донесе закон за трошење на овиекапитални инвестиции и незнам какви се не други прашања, единствено значи една друга работа дека Министерството за финансии води сметка само за стабилнсота на курсот на денарот, барем во овој период. Тоа ќе го покаже и со користењето на средствата од кредитот наменет за претприватизационата постапка на ЕСМ од 45 милиони  евра што според сите поакзатели и информамции треба да оди во девизните резерви, како средства за заштита на стабилноста на денарот во Република Македонија . Тоа значи дека повторно нема пари за економијата во Република Македонија, тоа значи повторно стагнација, тоа значи повторно пад на бруто домашниот производ и на таков начин ние не можеме да очекуваме ништо друго, туку и по два месеци, во декември, или по еден месец, незнам кога ќе биде доставен Буџетот за наредната година, во ова Собрание, да дискутираме на сосема идентичен начин за овие прашања, како што дискутираме и денес. Затоа јас сакам да се заблагодарам за вниманието и се надевам дека ќе имаме прилика, кога завршната сметка на Буџетот ќе ја разгледуваме, да имаме некои подобри резултати.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика прв се јави г-динот Абдулаким Адеми.

Повелете г-дине Адеми имате три минути.

АБДУЛАКИМ АДЕМИ:

Благодарам г-дине претседателе,

Јас сакам да му реплицирам на г-динот Стојановски во три точки од неговото излагање и тоа:

На почетокот вие г-дине Стојановски рековте дека од работа се отстрануваат работници од етничко македонско потекло и на нивно место се примаат албанци и тоа за да ја задоволат ДУИ и наводно дека сето тоа се прави со образложение за правичната и соодветна застапеност. Јас овде би скал да ве демантирам и да ви објасна, сигурно знаете, но вие сакате политички да добиете од овој аспект. Вие знаете дека ние како држава сме должни да вршиме реформи во администрацијата и во текот на тие реформи сигурно дека има и рационализации на работни места. Но, од друга страна, исто така како држава сме задолжени да го имплементираме и Охридскиот договор. Потписници на Охридскиот договор сте токму и вие како политика, ВМРО-ДПМНЕ. Незнам дали како ВМРО Народна ќе стоите позади овој договор.

Понатаму зборувавте за студентскиот стандард и сето тоа  според вас се случува поради тоа што Владата имаодвоено средства за Тетовскиот унвиерзитет. И ова не е точно и не држи. До колку тоа беше изјавеноод некое друго лице, јас можеби и би поверувал на ова и би било логично, но да се изјави од еден пратеник, мислам дека не е логично и не е правилно. Вие знаете дека за високото образование има еден посебен фонд и тој фонд се менаџира од една комисија и таму се одлучува како ќе се распределат буџетските средства за високото образование.

Понатаму ние пред неколку дена разговаравме за состојбата во образованието во целост и говоревме за стандардот на учениците, студентите. Целосно се согласувам дека стандардот не ги исполнува критериумите за живот на студентот во тие студентски домови, но во текот на оваа работа треба да имаме еден реален пристап, бидјеки овде во Скопје постојат студентски домови и има или нема добри услови, можеме да зборуваме за ова, но сведоци сме дека во Тетово нема студентски домови и сите треба да се ангажираме и таму да се отворат и сите студенти да имаат еден рамноправен третман.

Понтаму во точката три...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Адеми изминаа вашите три минути.

Повелете г. Стојановски имате една минута.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Сакам само да го прашам, или да констатирам дека реформа на јавната администрација апсолутно не значи отпуштање од работа и примање на работа. Тоа значи намалување на средствата кои се издвојуваат како вкупен износ, како трошоци, за функционирањето на јавната администрација зголемвуање на ефикасноста на јавната администрација и поставување на квалитетни стручни кадри, на места кои ќе значат реаизација на потребите за функционирање на овие јавни установи и институции. Затоа не може да зборувате за реформи, а реализацијата на Рамковниот договор е сосема друга работа и таа треба да се реализира, меѓутоа ќе ве потсетам само на една изјава на еден висок претставник на НАТО кој вели: “Во високите командни структури сеуште нема доволно албанци кои се доволно стручни подготвени да можат да раководат”.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам,

Повелете госпоѓа Гашовска имате три минути реплика.

ЦВЕТАНКА ГАШОВСКА:

Благодарам претседателе,

Господинот Стојановски рече, ако се вратиме малку назад, но не доречe. Ако се вратиме назад, ќе видиме чудо, како се правеше буџет и уште повеќе како се празнеше, како се трошеа пари. Сега имаме домаќинско работење и одговорност кон народните пари. Тоа се чувствува и се гледа, а вам ви смета.

И уште нешто.

Буџетот и неговиот ребаланс, немаат никаква врска со референдумот, не во оној правец во кој вие ја насочувавте дискусијата и да не ја злоупотребувате говорницата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Стојановски една минута.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Зборував за буџетските средства кои се наменети за локални и претседателски избори и во тој контекс за средствата кои се наменети за референдум, затоа што локални избори оваа година нема да се одржат.

Во однос на тоа како се трошеа парите, јас ќе ве упатам да ги прашате луѓето, дали имаше пари, дали функционираше нешто, дали се прибираа даноците, дали имаше вишок на приходи во Буџетот на Република Македонија. Прашајте ги слободно. Прашајте го било кој бизнисмен во Република Македонија дали имаше достапност за некакви кредитни линии, колку имаше инвестиции. Сето тоа доволно ќе ви каже за вашите прашања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Збор има пратеникот Емилија Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Почитуван претседателе, почитуван заменик министре и претставник од Министерството, колеги и колешки пратеници,

Најнормално е во една буџетска година да се јават одредени економски моменти кои ќе имаат влијание на проектираната буџетска рамка, било во смисла на нејзино зголемвуање илинејзино намалување, како на приходната, така и на расходната страна. Затоа воопшто не е спорно што на вчерашната и на денешната седница расправаме по предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година, затоа што Буџетот не е статична материја, тој е динамичен и подложен на промени од влијанијата и случувањата во домашната економија.

По опширното воведноизлагање на минситерот за финансии, во текот на вчерашната седница, кога беа изнесени основните причини за ребалансот и основните параметри за остварената или неостварената буџетска рамка, целите на фискалната и на монетарната политика за наредните месеци односно до крајот на годината и по повеќето дискуии од вчерашната расправа ив о текот на  денешниот ден, јас ќе се обидам сосема накратко да го искажам моето видување по предлогот за ребаланс на Буџетот за оваа година.

Навистина, кога се работи за така сложена материја како што е централниот Буџет на една држава кој покрај тоа што треба да ги задоволи апетитите на буџетските корисници, многу поважно е да ги оствари проектираните цели од сферата на фискалната, монетарната и буџетската политика и нормално е дека поместувањето на само еден планиран параметар може да предизвика потреба од менување на одредени буџетски позиции. За мене позитивно е тоа што оваа и претходната година имавме смирување на буџетската потрошувачка, поголема

транспарентност, штедливост и рационалност кај сите оние буџетски стапки каде што тоа е можно, без претенции Буџетот да биде покритие на нечии нерационалности и мегаломански апетити и со строго водење сметка дел од буџетските расходи да не сотануваат, како што затекнавме, не покриени и да се пренесуваат за наредната година. Сега гледаме дека тенденција на оваа Влада е навистина реална буџетска рамка, прилагодена на условите во домашната економија, но одредени исклучоци од пооделни корисници, секако дека има и ќе има, за разлика од полемиките дека ниската ставка на инфлација има негативни ефекти врз домашната економија.

Јас ја подржувам политиката што оваа Влада ја води на одржување ниска стапка на инфлација и стабилен курс на денарот, имаки ги предвид, пред се психолошките афекти кај населението и стопанствениците што се јавуваат при почести и поголеми пореметувања на тој план и проблемите и последиците што ќе се јават, ако таа ситуација излезе од контрола на монетарната власт.

Би ги потенцирала и напорите што ги прави Владата во сузбивање на сивата економија, даночната евазија и напорите за поголема фискализација. И тука поголеми ефекти се постигнати, што секако не е доволно и целосно, односно тука има уште многу простор за постигнување на поголеми фискални ефекти.

Видовме дека во структурата на приходниот дел, најголемо е учеството на даночните приходи, со 91% односно само 9% отпаѓа на неданочните приходи. Во нивни рамки пак најголемо учество, од скоро 49%, имаат приходите од ДДВ. Значи на таа стапка може да се влијае со поголема и по ефикасна контрола, без селективности по било кој основ, со воведување на целосна фискализација и до крајот на годината сосема реално е тие приходи да се надтфрлат, ако се води поагресивна политика во тој дел. Со тоа ќе се искомпензира и намалувањето на учеството на приходите од царините и другите увозни давачки за кои видовме дека заради зголемениот степен на либерализација при увозот имаме постојано тенденција на намалување на проектираната пондерирана царинска стапка. Значи, во првите 7 месеци од оваа година, единствено кај приходите од ДДВ се остварени поголеми приходи од планираните за 4,8%, а кај останатите имаме потфрлување, што е доволен сигнал до крајот на годината да се вложат напори со преземање на сите потребни мерки, таму каде што може да се делвуа, да нема повторно отстапување. На пример како кај приходите од персонален данок и други.

Причината што во  изминатите 7 месеци од годината не се остварени планираните буџетски расходи, и изготвувачот, и позицијата и опозицијата, се согласуваме во исто, дека лежи во нереализираните капитални расходи, во износ од 800 милиони денари односно дека вкупните расходи се реализирани со само 54%, токму поради неостварувањето, најмногу на таа буџетска стапка. Во тоа се согласивме сите. Но, и од комисиската расправа на седницата на Комисијата за финансирање и буџет , и од досегашниот тек на расправата, произлегува дека не се согласуваме и не го прифаќаме образложението дека за тоа неостварување е виновен Законот за јавни набавки.

Кога тој Закон беше на парламентарна расправа, ниту предлагачот ниту од дискусиите по истиот не произлезе страв дека тој Закон ќе биде сопирачка за навремено реализирање на капиталните расходи. Да се има резервирано средства за одредени намени, тие да ја добиле парламентарната подршка воуслови кога над стотина амдандмани не беа прифатени,  во услови кога во многу сфери од граѓанското живеење има потреба од тие средства,навистина е нонсенс тие да останат не искористени. И јас како и другите дискутанти што се искажаа, смета дека тука поголема сопирачка е субејктивниот фактор отколку ригорозноста на погоре цитираниот закон. Така што мислам и така јавно да се произнесам, причина е што не може во 21 Век, во некои училишта децата да немаат покрив над главата, под испод нозете, или основни хигиенски простории, во некои населени места да немаат чиста вода за пиење, некаде да немаат пат, а од друга страна порадинечија спорост и инерност тие средства да останат неискористени и сега да бидат наменети за нималку ефективни и продуктивни цели. Како за пример, постои една народна поговорка која вели дека човекот на грешките се учи. Зарем грешка и поука не ни беше  и минатогодишното остварување на тие средства, само што тогаш оправдвуањето ни беше касното донесување на Буџетот, на крајто на месец март, колку што се сеќавам. Сега, почитувани присутни Буџетот го донесовме, иако со тропање и свирење, на време, значи три месеци порано, така што не држи место правдување да бараме во закон што сами го предложивме и изгласавме. Наместо тие средства, покрај тоа што ќе задоволеа некои оснвони потреби на граѓаните, ќе беа и поттик во домашната економија, заживување на и така замрената инвестициона активнсот, ќе беа и стимул на опаднатото индустриско производство, на замрената градежна оператива која пати од недостиг на раота, ќе се јавеа и како апсорбер на дел од невработената работна сила, билокако сезонци, можеби дел и

како ново вработени, а можеби некои ќе се спасеа и од стечај и нема да беа на товар на Буџетот.

По се изгледа се ни е полно и рамно, не ни требаат селски водоводи, патишта, реновирање на училишта, фискултурни сали и слично, туку ќе си одиме жедни на референдум и по издупчени патишта бидејќи дел од тие средства пренаменивме за претстојниот референдум, па дури и во поголем износ од усвоениот план на Државната изборна комисија од 73 милиони денари колку што се сеќавам некаде на 120 милиони, да им се најдат, да не им се малку. Можеби ги немам целосно сите податоци и информации, но барем од оние примери што ги знам многу баратели не ги добија потребните средства. Како сега да им се објасни дека средства имало, ама ете не е виновен никој друг туку Законот за јавни набавки. Сите останати други образложенија, дадени по остварените и неостварените параметри ми се логични и прифатливи, но ова не.

Дилема имам и за образложението дали навистина има реален пораст на платите во приватниот сектор од 3,7% или можеби тоа се должи на новопријавените работници кои претходно работеле непријавени. Дали тоа е пораст на реалната нето плата по вработен во приватниот сектор. Ако е така, тогаш е вред, или пак е само пораст на масата за плати во приватниот сектор во споредба со претходниот период.

Исто така, нелогично ми е образложението дадено по ребалансот на буџетот на Фондот за здравство каде однапред му се даваат три пати повеќе средства за камати од 5153000 денари на 22500000 денари, со образложение, цитирам, “за очекувани камати по основ на тужби од доверители за задоцнето плаќање на обврски за лекови и медицински потрошен материјал”. Каква што е спороста на нашите судови, можеби тие тужби нема да доспеат за наплата до 31.12.2004 година и сметам дека е покорисно овие средства да се наменат за некоја понеопходна потреба во здравството отколку однапред да се резервираат за камати, а секојдневно слушаме за такви потреби.

Еве, накратко тоа се моите забелешки по Предлогот на ребалансот на Буџетот, кој ја доби поддршката за негово прифаќање од Комисијата за финансирање и буџет и од пратеничката група на СДСМ.

Благодарам за вниманието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-ѓо Костадинова.

Повелете г. Јашари, а потоа нека се подготви пратеникот Жарко Караџоски.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитувани колеги, почитувани претставници на Владата,

Сите знаеме дека Буџетот се донесува за определен период од една година, во кој период се планираат приходите и расходите кои треба да се финансираат од овие приходи. Во начело сите приходи и расходи треба да бидат еквилибрирани заради начелото кое е познато во Буџетот, начелото за еквилибар. Меѓутоа, во некои случаи може да се случи овој еквилибар да се наруши од причина што се реализирал расход кој не бил планиран или поради тоа што приходите кои се реализирани во однос на расходите се помали. Во оваа прилика, неопходно е да се направи нивно усогласување кое е познато како ребаланс на Буџетот.

Буџетот на Република Македонија за 2004 година знаеме дека беше усвоен во законски определениот рок, заснован на определени утврдени параметри, чиај цел е сочувување и засилување на макро економската стабилност. Неоспорен пад е дека реализирањето на некои од овие параметри не се реализира и во оваа прилика треба да се нагласи поради падот на индустриското производство тешко може да се очекува дека ќе се реализира планираниот процент на бруто домашниот производ планиран на 4% за 2004 година. Во изминатиот период од 2004 година, сепак имаме пораст на приватниот сектор за околу 20% и намалување на активните каматни проценти на банките за околу 2%, споредено со крајот на 2003 година.

Што се однесува до реализирањето на Буџетот за претходниот период, периодот јануари-јуни 2004 година, имаме реализирање на прихот од 57% во однос на тоа што било планирано. Гледано според структурата на приходите, изворите од кои се реализираат овие приходи, само приходите од ДДВ се реализирани 4,8% повеќе во однос на тоа што е планирано, што секако е резултат на направените измени во Законот за готовинско плаќање, законот кој меѓу населението е познат како Закон за фискализација. Токму како резултат на овој закон или измените кои се усвоени во овој закон имаме и засилување на контролите од страна на инспекциските органи, односно трговските и даночните инспектори.

Реализирањето на приходите од другите извори, како акцизи, данок на добивка и другите приходи реализирани од други програми, во споредба со тоа што

било планирано било помалку од аспект на реализирање на приходите треба да се нагласи дека по овој период имаме реализирање на неданочните приходи за околу 60% што во споредба со тоа што било планирано е повисоко. Во оваа група на приходи се и приходите собрани од даноци, придонеси, такси и др.

Што се однесува до остварување на расходите, имаме реализација од околу 54% во споредба со тоа што било планирано, со определени исклучоци каде еден поголем исклучок бил направен кај капиталните расходи. За жал, таму би констатирал дека во овој период во споредба со тоа што било планирано само 40% од средствата кои што се предвидени се реализирани и токму овде мислам дека во иднина треба да се има посебно внимание.

Имајќи го предвид ова што го кажав, од друга страна и тенденцијата на фискалната политика за 2004 година, за да не се менува и понатаму истата се предлага овој ребаланс или измена на Буџетот со кој се предвидува намалување општите приходи, што е нормално во услови кога се намалуваат царинските проценти, се склучуваат разни договори со разни држави, се предвидува и данокот на добивка да се дополни и сето тоа влијае на овие извори.

Поради намалувањето на предвидените приходи во Предлогот на ребалансот се предлага и намалување на расходи. Меѓутоа, во структурата на општите расходи некои од нив се зголемени на сметка на тие што биле планирани. Така на пример имаме зголемување на расходите за плати и надоместоци што е последица од измените на Законот за даржавни службеници и реализирање на процесот на декомпресија на платите, а од друга страна тенденција на оваа Владата за реализирање на уставното начело за правична и соодветна застапеност.

Понатаму, имаме пораст на средствата на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, со што во иднина ќе се обезбеди и плаќање на истите, ќе имаме пораст на средствата во Заводот за вработување, што е резултат на Законот за потткнување на вработувањето итн.

Во овој ребаланс, исто така, имаме намалување на буџетскиот дефицит. Во оваа насока имаме и измени во структурата на финансирање на овој дефицит.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Јашари.

Повелете г. Караџоски, а потоа нека се подготви пратеникот Ружди Матоши.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

На дневен ред на денешната седница е ребалансот на Буџетот, тема по која и треба да се дискутира, се дискутира и во тој контекст ќе продолжам онака како што се започна.

Почитувани колеги,

Со Законот за буџетите се уредува постапка за изготвување, донесување и извршување на Буџетот на Република Македонија. Согласно член 18 од Законот за буџетите, Предлогот на буџетот на Република Македонија го утврдува Владата на Република Македонија. Во членот 21 од цитираниот закон е предвидено дека Предлогот на буџетот на Република Македонија содржи биланс на приходи и расходи по ставки и намена на ниво на потставки. Според членот 22 од овој закон износите на приходите наведени во годишинот буџетски документ не се фиксно определени и лимитирани. Промените во Буџетот треба да бидат во рамките на вкупниот износ на утврдени приходи, дополнително усвоените трошоци во Буџетот се проследени со мерки што ќе ги зголемат предложените приходи или ќе ги намалат другите трошоци во сразмерен износ.

Во членот 23 од цитираниот закон се предвидува дека износите на трошоците утврдени со годишиниот буџетски документ се сметаат како максимални износи и над овие износи не може да се преземаат никакви обврски. Секој трошок што бара нов износ на приходи, заедно со предложениот извор, како и кога треба да се намалат планираните трошоци кои се одобрени заради неостварување на планираните приходи, повеќе од 5%, се обработува во посебен буџетски документ кој носи наслов ребаланс, а го донесува надлежен орган, односно Собранието на Република Македонија на предлог на Владата.

Значи, имајќи го предвид решението содржано во членот 23 од Законот за буџетите, Владата на Република Македонија утврди и на Собранието му достави Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година или популарно наречено ребаланс.

Со ова почитувани колеги, само сакав да ве потсетам согласно законските решенија зошто ние денес имаме ребаланс на буџет и врз основа на кои членови од законот истиот се поднесува. Значи, кога станува збор за ребалансот на буџетот или Предлог за изменување и дополнување на буџетот на Република Македонија,

почитувани колеги, во Република Македонија веќе стана практика секој буџет да има и свој ребаланс, и тоа не е само во оваа година, тоа е во сите години наназад. Ние како пратеници, можеби и јавноста пошироко се прашуваме дали таа практика постојано треба да постои или што е прижината поради која еднаш носиме буџет, а пред крјот на годината носиме и ребаланс на буџетот и дали тоа е некоја нормална постапка. Можеби можам да разберам овде и од колегите слушнав дека во времето кога се донесуваше Буџетот на Република Македонија во Собранието постоеше посебна атмосфера, која атмосфера беше со една невидена бучава, можеби прв пат во историјата на Република Македонија и можеби можам да сватам дека ако нешто слабо се проектирало и планирало во буџетот, ете можеби дреката или бучавата која доаѓаше од страната на опозицијата ги поремети предлагачите во планирањето да предвидат и предложат еден буџет кој ќе биде остварен онака како што бил испланиран. Вината нека ја преземе опозицијата на страната на тоа зошто имаме ребаланс, значи благодарение на тоа што имаше бучава Владата не можеше добро да го испланира и мора да дојде до ребаланс. Најнапред ќе се задржам, кога ќе го елаборирам буџетот на оние основни параметри, она што Владата го предлага во еден вовед, а потоа и за причините на ребалансот.

Почитувани колеги,

Кога се зборува за буџет и за ребаланс на буџет, секогаш треба да имаме предвид дека тоа е огледало на политика на Владата во текот на една година, пред се економска политика и тука врз основа на она што е предвидено и врз основа на она што е реализирано и оние параметри што ги добиваме можеме да разбереме како оваа Влада работи. Најнапред сакам да потензирам една работа која е неспорна и која ја имаме тука во образложението односно во воведот на ребалансот на буџетот.

Не треба да се заборави и посебно треба да се потенцира дека ребалансот на буџетот го носиме во услови кога имаме пад на бруто домашниот производ и тоа според експерти во Република Македонија тој пад е забележителен и во двата квартали. Во првиот квартал имаме пад од -3,2%, а во вториот квартал веќе 0,2% значи вкупно 3,4%. Тоа зборува дека имаме пад на бруто домашниот производ и тоа зборува јасно дека она што е проектирано од страна на Владата, а тоа е дека бруто домашниот производ ќе има пораст од 4% во 2004 година очигледно е дека нема да се оствари. Морам да го потенцирам и тој податок дека наспроти 2003 година, кога бруто домашниот производ во Република Македонија бележеше

позитивна стапка од 3,2% и ниска стапка на просечна инфлација од 1,2%, оваа година се сретнуваме со пад на бруто домашниот производ и ако внимателно го читаме образложението на ребалансот на буџетот ќе забележиме дека предлагачот воопшто не спомна со кој процент, со кој раст на бруто домашниот производ оваа година ќе заврши. Реално во јавноста се поставуваше прашањето дали воопшто ќе имаме позитивен износ, дали воопшто ќе има пораст на бруто домашниот производ или годината ќе ја завршиме со негативно салдо. Според некои експерти, ваквиот праг на бруто домашниот производ се нарекува и рецесија и некој со право го поставуваше прашањето дали на Република Македонија и претстои рецесија и што да се преземе во тој правец. Од експертот на министерот за финансии можевме да слушнеме сега, откако ни е доставен ребалансот дека Владата планира крајот на оваа година да заврши со позитивна стапка на бруто домашниот производ од 2,8%, при што се наметнува прашањето зошто се чекаше самата седница на Собранието и колку и беше потребно на Владата да пресмета и да предвиди, да испланира колкав ќе биде тој пораст на бруто домашниот производ.

Неминовно да се зборува за пад на бруто домашниот производ треба да се отвори и прашањето зошто е тој пад, на што се должи. Тука не треба многу да раcправаме, бидејќи во самото образложение од предлагачот е јасно укажано и предвидено дека падот на индустриското производство во Република Македонија е главниот причинител за падот на бруто домашниот производ и тоа се нагласува во самото образложение, тој пад на индустриското производство се движи од 40% па се до 25 или можеби помалку во овие месеци, меѓутоа, факт е дека во континуитет имаме пад на индустриското производство и заради тоа неминовно морало да дојде до пад на бруто домашниот производ.

Сега тука се поставува неминовно прашањето, кој е виновникот за тоа што индустриското производство во Република Македонија паѓа. Дали одговорноста ја има Владата во политиката што ја спроведува Владата, или можеби во некој трет. Исто така, кога буџетот се проектирал требало да се предвиди или да се знае дали ќе се случи пад на индустриско производство со она што се планира во текот на годината. Значи, тоа не е како резултат на некоја стихијна, непланирана работа, туку е како резултат токму на она што се смета работа на оваа Влада. Еве до ден денеска ние сеуште не бележиме позитивни сигнали дека индустриското производство во Република Македонија почнало да расте, освен што се фалиме како

Влада дека, да, имаме пад на индустриско производство, но не е тоа повеќе од 40%. Значи кај нас веќе стана пракса во Република Македонија дури и негативните проценти да бидат позитивни, затоа што не се толку катастрофални колку што беа на почеток, значи 40% затоа што 18% или 20% е сепак помалку од 40% и тоа се смета како некаков успех. Меѓутоа, факт е дека имаме пад на индустриско производство кое ризикува пад и на бруто домашниот производ. И неможам сега да сватам од каде сега министерот за финансии, односно вчера излезе со податок дека крајот на годината ќе ја завршиме со позитивно салдо на бруто домашниот производ од 2,8%. Незнам, дали со тоа мисли дека падот ќе заврши и можеби ќе имаме пораст на индустриското производство до крајот на годината, особено ако ги земеме сите овие параметри кои што овде се спомнуваат во самиот ребаланс на Буџетот.

Исто така, она што самиот предлагач го кажува во своето образложение е и ниската стапка на инфлација. Значи, се кажува дека таа ќе продолжи да егзистира, меѓутоа, не со она што беше планирана, не со она што беше остварена просечно значи 1,2% 2003 година, туку вчера имавме прилика да слушнеме и од експозето на министерот дека можеби ќе биде 0%, значи нема да имаме некој пораст на инфлацијата, а можеби, или веројатно ќе заврши со 0,5%. И токму тука исто така се причините за она што ни се случува во економијата во Република Македонија. Значи, имаме отстапување од планираното, а како тоа се одразува на реалното, сите го чувствуваат во Република Македонија, особено граѓаните на Република Македонија.

Тука е многу интересно во образложението што го дава предлагачот зошто е проектираната инфлација сега помала. Јас ќе мора да го прочитам, значи причината е заради ниските цени на земјоделските и прехранбените производи кои имаат и најголемо учество во структурата на цените предизвикани од зголемениот увоз на конкурентни странски производи по пониски цени. Сега тука неминовно се поставува прашањето зошто е таков увоз, контролиран ли е тој увоз, од каде дојде до така зголемен увоз, кој е за тоа одговорен, кој е за тоа виновен? Нормално кога се проектирало нешто се мислело дека ќе има некој нормален увоз, меѓутоа, испадна ненормален и заради тоа дошло до пад на цените, и тоа во најчувствителната категорија, а тоа се земјоделските производи. И сега ова не треба да не чуди кога ќе ги прашате нашите земјоделци зошто имаат такви цени на нивните производи, зошто неможат никаде да ги пласираат, затоа што навистина се толку евтини, заради неконтролиран увоз. Понатаму, ќе се надоврзам, а сега само ќе спомнам, овде зборуваме за неконтролиран увоз на земјоделски производи, значи зголемен увоз во

однос на домашното производство. А, понатаму кога ќе ја гледате приходната страна ќе видите дека имаме најголем пад на приходната страна кај увозните давачки. И сега тоа е точно според проекцијата која ни се нуди. Меѓутоа, се поставува прашањето, ако е увозот зголемен, еве само една категорија на земјоделски производи веројатно и на други и тоа е така, увозот во Република Македонија е зголемен во однос на минатата година, а приходите се паднати. И сега тука причината можеме да ја слушнеме како што ја слушнавме од министерот дека тоа најмногу се должи на оние договори за слободна трговска размена кои што Република Македонија ги има склучено со соседните држави, последица на Законот, односно влезот на Република Македонија во СТО и тн. Имавме еден многу интересен графикон кој што ни го покажа министерот каде што имаше една линија со пад споредбено од 1999 до 2004 година, значи пад на стапката на царина од 5 на 2,8. Сега тука повторно се наметнува прашањето дали реализираните приходи од увозните давачки се последица само на тоа, значи на падот на стапката или пак се должи и на според мене слабата наплата на приходите, поточно на зголемениот шверц во Република Македонија. Можеби јас не сум експерт, меѓутоа сите ние имавме прилика да слушнеме разни експерти кои што го коментираа и тоа најмногу можеби се задржаа на овој дел на овој сегмент дека при зголемен увоз во Република Македонија имаме помали наплати на увозните давачки, што неминовно кажува дека во Република Македонија има шверц. Исто така, тоа го потврдуваат и последните настани за кои што можеме да читаме. Едно време се зборуваше за шверц со нафта, сега се зборува за шверц со цигари, па незнам уште што друго, но во секој случај, шверц постои министре, за жал. И тука можеби треба да се бара одговорноста и вината каде е и зошто е помала наплатата, а не само во оние спогодби за трговска соработка. Јас би сакал само да ве потсетам дека и во времето на Владата на ВМРО-ДПМНЕ тие договори за слободна трговска размена постоеја. Значи, и во тоа време имавме такви спогодби, тие исто важеа, но приходите од увозот беа поголеми во однос на она што е сега.

За делот во воведот во кој што зборувате за политиката на вработувањето или можеби политика на невработување би бил посоодветен термин малку ни е илузорно и да слушаме и во секоја проекција на буџет и кога беше буџетот и сега 3% пораст на вработувањето, а бројот на невработените континуирано е еден ист, напротив расте бројот на невработените што значи дека на тоа поле ништо не е превземено, а и сами си признавате, читајте го она што вие сте го предложиле овде,

како најголем проблем на македонската економија, тоа го пишувате вие, е високата стапка на невработеност. Исто така, по однос на најавените инвестиции за 2004 година јасно е дека од нив нема ништо, особено не од она што беше најавено од тогашниот премиер 200 милиони евра, од тоа нема ништо, така што сето тоа кога ќе се склопи во една целина јасно е зошто ни е ваква економијата и зошто дојдовме до она што денеска треба да го дискутираме.

Сега да прозбориме и за реализацијата во првата половина од 2004 година. Кажано е јасно, значи има отстапување за делот на приходната страна и тука, еве ќе го цитирам образложението, значи, најзабележително отстапување е остварено кај следните приходи. Значи, секаде имаме помалку од проектираните за разлика само кај ДДВ каде што имаме покачување за 4,8%. Дали тоа се должи на зголемена дисциплина, дали тоа е ефектот од фискализацијата во Република Македонија, ајде да веруваме дека е така, но понатаму сите други приходи забележуваат, можеби не голем, но сепак е пад. Така даречеме во акцизите се за 2,9% помали, во однос на планот за првите седум месеци имате во образложението на Владата, незнам зошто негирате. Кај реализираните приходи од увозните давачки се за 2,6 помали во однос на планот за првите седум месеци, значи зборувам во однос на планот, не зборувам за 2003 година во однос на тоа. И реализираните приходи од данок на добивка се за 17% помали во однос на планот и тн. Сега тука доаѓаме до расходната страна на Буџетот каде што не би сакал да зборувам за оние другите кои што се наведуваат, меѓутоа каде е најголемото отстапување. Најголемото отстапување од планот е забележано кај капиталните расходи кои се реализирани во вкупен износ од 2.474.000 денари односно 40% од планот. И сега тука е тоа главно прашање и според мене можеби таа е една од главните причини поради кои што и се носи ребаланс на Буџетот. И ако читаме понатаму во образложението ќе видиме дека е токму тоа причина за тоа што правиме ребаланс на буџетот. Сега тука се поставува прашањето, зошто капиталните расходи се реализирани само 40%. Имаше прилика и имавме прилика да слушаме од повеќе министри во Владата, од самиот премиер кој доста критички се осврнаа во делот на Миинстерството за финансии зошто е реализацијата на капиталните расходи само 40% и што би значело тоа до крајот на годината доколку не се донесе ребалансот. И имавме префрлување на разни адреси за овде читајќи во самото образложение да го најдеме виновникот кој е виновен за тоа. И според тоа, виновникот го најдовме во Законот за јавни набавки каде што се кажува во самото образложение дека исклучива вина заради ваквото отстапување

од планот е само во Законот за јавни набавки, заради неговата спора имплементација, неговите решенија кои што ги нуди тој закон, а кои што Владата неможела да ги реализира и тн. Меѓутоа, јас само сакам да ве потсетам дека ваквата слаба реализција на капиталните расходи зборува за една политика на штедење која што политика имавме прилика да ја анализираме уште кога беше министер претходникот на господинот Поповски, господинот Петар Гошев. Јас колку што добро се сеќавам таа политика беше критикувана и од опозицијата но и од позицијата, па дури и Владата излезе со предлог заради едно такво непланирано штедење, или помала реализација на капиталните расходи во Буџетот тој министер беше и сменет, со образложение дека не ја остварува таа рамнотежа помеѓу приходната и расходната страна. И сега логички се поставува прашање кога требаше да му се бара место на тој претходен министер, значи ако веќе е голем штедиша нормално дека местото му е во Народна банка, таа е институција каде што се штеди. Се поставува прашањето каде ќе оди Никола Поповски, затоа што очигледно тој е поголем штедиша од Петар Гошев, најверојатно во Комерцијална банка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски да не ги спомнувам дигресиите, еден мал излет ви е дозволен, не сакам повеќе такви излети. Повелете во врска со законот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Мора да потсетам уште на една работа. Јас незнам зошто ова го третирате како дигресија. Кога почитуваниот миинстер господинот Поповски дојде на функцијата министер една од првите изјави беше, сега нема да цитирам, но произволно ќе кажам дека тој на таа функција ќе се залага поддеднакво во Буџетот да има рамнотежа помеѓу приходната и расходната страна што значи да нема осцилациик како што сега ги гледаме. Таа беше една од неговите изјави и навистина очекувавме дека и така ќе се одвива. Меѓутоа, факт е дека сега не е така. Јас имав прилика на Комисијата за финансирање и буџет да слушнам од почитуваните колеги кои доаѓаат и од редот на позицијата кои што имаа критички осврт токму врз делот на капиталните расходи. Да не спомнувам какви се колумни се пишуваа. Еве, ќе ме опомените за втора лична грешка.

Сега одиме понатаму. Значи, како резултат на повисоката наплата на приходите и пониската реализација на расходите во овој период од годината е

реализиран суфицит од 419 милиони денари. Тоа е во образложението. И сега дали е нормално да имаме суфицит, тоа министерот го знае многу добро во едно време кога беше некој друг на власт, таа тогашна власт се фалеше дека има суфицит, тогашната опозиција не критикуваше дека не е во ред да се има суфицит, а сега гледаме повторно суфицит и сега незнам дали е за фалба, или е за критика. Сега ќе се осврнам на причините поради кои што се носи реалансот. Да го читаме образложението нема потреба. Меѓутоа, едно мора да го искористам дека реализираното отстапување од планираното ниво на буџетскиот дефицит во седумте месеци од годината и негово делумно надоместување во остатокот од годината би предизвикало висока фискална експанзија. Високата фискална експанзија во краток временски период неминовно би довела до нарушување на рамнотежата на девизниот пазар и до зголемување на притисок врз стабилноста на девизниот курс на денарот како основно сидро на макроекономската стабилност. Ова вака го читаме во образложението на ребалансот што ни го нуди Владата а имавме прилика да го слушаме и од разни експерти и од разни политички партии во своите прес конференции каде што се спомнуваше дека можеби на Република Македонија и претстои инфлација, некои спомнуваа флуктуирачки курс како решение за ова, други зборуваа за рецесија, трети зборуваа дека е неминовно девизниот курс, денарот да девалвира. И сето тоа почитувани колеги во време кога во Република Македонија навистина тешко се живее и сето тоа во време кога на граѓаните на Република Македонија им претстои еден референдум кои што треба самите тие да бидат дефокусирани во она што е сега на дневен ред, можеби и она што е политика на Владата.

Иако можеби ние како пратеничка група кога поднесовме прашање за доверба на Владата во која можеби најголем оврт и најголема критика на Владата беше токму делот на економската политика, она што сега го имаме овде пред нас и она што сега и самата Влада признава, ние тогаш истото го велевме, меѓутоа, одредени политички субјекти особено оние кои доаѓаат од позицијата не обвинија дека ние ја дефокусираме јавноста од референдумот. Сега не ми е јасно, ако тоа го направевме пред колку време со една иницијатива која е апсолутно нормална и демократска, ние бевме тие што ја дефокусираме јавноста со интерпелацијата на Владата, а не е Владата виновна за дефокусирање на јавноста затоа што ни предлага ребаланс на Буџетот во кој имаме право да зборуваме за целата економска политика која ја води

Владата и која отворено ни признава дека бруто домашниот производ нема да се реализира од проектираниот и сето она што ние го спомнувавме во самата интерпелација. Тогаш дури одредени, за жал, политички субјекти опозицијата дури не сакаа да ја потпишат интерпелацијата односно прашањето на доверба, некои дури не гласаа, за денеска најверојатно ќе слушнеме каков се критички осврт ќе имаме кон ребалансот.

Сега, јас морам да се извинам на граѓаните на Република Македонија. .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Караџоски, само да ве корегирам, Владата не ги дефокусира, ако тоа ви е поентата, а јас ги дефокусирав, бидејќи јас ја ставив таа точка на дневен ред, можев и да не ставам точка на дневен ред.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро претседателе, тогаш вие ја дефокусирате јавноста заедно со уште некој друг и со нас како опозиција. Но, во секој случај ова мора да го потврдам како теза, затоа што е навистина со истото прашање.

Јас сум убеден, јасно е дека Владата не сака да успее референдумот, меѓутоа, зошто токму сега се определи за ребалансот на Буџетот, дали е само целата да се дефокусира јавноста или можеби е целта дека е неопходно потребен. Јас сакам да верувам и верувам дека е неопходно потребен затоа што ако не се донесе ребалансот со ова вака како што е предвидено, ќе се остварат оние предвидувања, кои ги кажуваат и политички партии на своите прес конференции, но и одредени експерти, професори и тн.

Значи, за да не дојде до тоа, мора да се направи ребалансирање на Буџетот.

Во предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година, вкупните приходи се планираат на износ од 56.293.660.000 денари, што е за  961.341.000 денари помалку во однос на утврднеите со Буџетот на Република Македонија за 2004 година. Значи, имаме намалување на приходната страна на Буџетот, тоа се бара со ребалансот, што јасно укажува дека она што го проектиравме како Буџет не можеме да го оствариме во делот на приходната страна.

Исто така, вкупните расходи се упатуваат во износ од 58.501.483.000 денари или за цели 1.200.833.000 денари помалку во однос на утврдените со Буџетот на Република Македонија. Сега, се поставува прашање зошто мора да бидат волку намалени вкупните расходи со ребалансот? Пак се врќаме на она затоа што до овој

период капиталните расходи се многу малку реализирани едвај 40% и нормално дека сега треба да ја намалиме расходната страна, за да не дојде до фискална експанзија, како што кажувате.

Намалувањето на вкупните расходи во ребалансот на буџетот на Република Македонија за 2004 година има рефлекси и врз трошочните ставки во посебниот дел на ребалансот на буџетот и тоа по одделни корисници. Тука малку се дискутираше, малку се осврнаа и пратениците во делот на тоа какви се тие отстапувања, јас ќе си земам за право да укажам на некоку, меѓутоа, ќе си земам за право да кажам дека самиот начин на распоред на одредени буџетски корисници, значи отстапувања, имаше доста критики и од самата Влада, од самите ресорни министерства, каде дојде до препукувања, некој сака повеќе односно сите сакаат повеќе, меѓутоа, некои се жалеа зошто им се одзема, зошто некаде се додава, но тоа е право на тој што го прави.

Најголеми реакции доаѓаа од Министерството за образование и наука, особено во делот на науката, имавме прилика да слушнеме дека со вака проектираните расходи за наука буквално науката ја ставаме да не речамво офсајд, туку Република Македонија буквално не се знае дали воопшто науката оваа година нешто ќе види.

Тоа имавме прилика да го слушнеме од неколку пратеници кои зборуваа во тој правец, сега би одел со ред.

Позначително намалување на средствата на ребалансот може да се види во следното. Еве да речеме во разделот Собрание на Република Македонија во програмата администраицја износот на средства е помал за цели 5.710.000 денари или за 25,64% во однос на утврдениот буџет за 2004 година. На што се должи ќе каже министерот, не сакам јас да образложувам.

Во разделот Владата на Република Македонија намалувањето на вкупниот износ на средства изнесува 219.543.000 денари и тоа во рамките на овој раздел најголемо намалување има во Програмата за поддршка на стратешки приоритети каде износот од 286 милиони се намалува на 70 милиони. Значи, стратешки приоритети очигледно на Владата не и се потребни.

Имаме намалување на средства во раздеот на Агенцијата на државни службеници, околу 8 милиони денари, или околу 23%, гледано процентуално, кое намалување во основа се сведува најмногу заради намалување на средствата за плати и надоместоци.

Во разделот Министерство за надворешни работи, намалувањето е за околу 5% и тоа како резултат на намалувањето на средствата од Програмата на Дипломатско-конзуларните претставништва и тоа не ние потребно.

Во разделот Министерството за финансии имаме намалување на вкупните средства од 74.362.000 денари или 21%.

Во раздел Министерството за финансии - функции на државата, намалувањето изнесува 838 илјади денари, или околу 5%.

Министерство за економија исто така 8%, е сега ова намалување во основа е резултат на помалку предложени средства во прогармата за унапредување на деловни активности односно поконкретно потставка, поддршка на мали и средни претпријатија, каде што утврдениот износ од 50 милиони денари со Буџетот за 2004 година се намалува на 25 милиони денари што е спротивно од програмата на Владата која се залага за развој на мали и средни претпријатија.

Раздел Министерството за транспорт и врски имаме намалување за 45 милиони денари или 5%, што е резултат на намалување на средствата за капитални трансфери односно на потставката трансфери за поттикнување на инвестиции. Значи, наместо да ги зголемуваме овие работи, ние ги намалуваме. Поттикнување на инвестиции е нешто што е приоритет.

Сега, многу интересно, намалување на средства во раздеот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, каде намалувањето можеби не е големо, тоа е само 75 милиони денари или 5% е, сега врз основа на ова намалување најголем одраз има намалувањето на средтвата од програмата земјоделие односно од потставката програма за поттикнување на земјоделието каде утврдениот износ во Буџетот за 2004 година од 487 милиони денари со ребалансот се предлага истиот да изнесува 437 милиони денари, значи, се намалува во програмата за поттикнување на земјоделието. На сите ни е јасно дека во Република Македонија главна стратешка гранка е токму земјоделието и наместо да го стимулираме, тоа ќе го намалуваме.

Имаме намалување и во разделот на Бирото за недоволно развиените подрачја, за 10 милиони денари, што исто не е јасно затоа што неразвиените подрачја, со вака ребалансиран буџет треба да останат донеразвиени, значи не да се развиваат.

Е, сега да не биде само намалување имаме и зголемување на средства во споредба со утврдениот буџет за 2004 година, па така на пример имаме

зголемување во разделот Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија за 39 милиони денари или околу 7%.

Имаме зголемување во разделот на Министерството за внатрешни работи околу 6%, тоа е делот полициска држава.

Во разделот Министерство за првда, за околу 3% и сега овде се наметнува една прашање, еве користам прилика евентуално министерот за финансии да даде одговор, во разделот Министерство за правда имаме зголемување за околу 3%, а деновиве слушаме, таму не е чепнато ниту во износот на платите, ниту имаме намалување во нешто, а деновиве слушаме дека оние стручни служби по судовите во Република Македонија кои беа вработени пред две години, а чиј работен однос беше на определено работно време и покрај тоа што не е предвидено намалување на средствата во Министерството за правда, деновиве слушаме дека истите ќе бидат отпуштени од работа и покрај тоа што во судовите има потреба од нивното целосно ангажирање.

Имавме изјави во кои министерот за финансии го правдаше со податок дека нема пари во Буџетот, министерот за правда имаше контра ставови и ние до ден денес не слушнавме дали тие ставови се испаглаа и на основа на неиспеглани или испеглани ставови можеби 300 граѓани на Република Македонија кои едвај ја дочекаа работата, деновиве ќе останат без работа, покрај очигледната потреба од нивното ангажирање и покрај тоа што две години оваа држава трошеше средства да ги обучи за тоа што се квалификувни. Доколку министерот чувствува потреба би сакал да ми одговори што со нив, затоа што имаме разни инфорамции не знаеме како тоа ќе заврши. И ако заврши со отказни решенија да каже кој е виновникот.

Во разделот Министерство за образование и наука, оваа наука сега е илузорно затоа што нема средства, има зголемување за околу 56 милиони денари, но гледано по пооделни програми се забележува следното: во програмата администрација зголемувњето изнесува 4.605.000 денари. Во програмата основно образование средствата се зголемуваат за 60.154.000 денари, во програмата за средно образование, зголемувањето изнесува 97 милиони денари, и во Програмата високо образование има зголемување на средства за 4 милиони денари.

Во програмата ученички стандард има намалување на средствата, што е резултат на намалување на средствата од потставката ученички стандард за 15 милиони денари и во прогрмата студентски стандард има извесно намалување додека во програмата наука намалувањето е поприлично големо односно од

утврднеите со Буџетот за 2004 година 149.600.000 денари, со ребалансот се предлага овие средства да изнесуваат 108 милиони денари или за околу 37% помалку.

Значи, она што го дискустирав потребна ли е наука на оваа држава или не или се си знаеме наука не ние потребна за да има едно вакво драстично намаллување во тој дел.

Исто така кога зборуваме за ученички стандард, студентски стандард, имаме многу дискусии и многу пратеници кои се залагаа токму за овој сегмент, денеска не ги слушнав за тоа да зборуваат дека не градиме подобар ученички ниту студентски стандард, доколку стапките во буџетот ги намалуваме.

За поздравување е другото, значи овие што ги набројав делови во потставки во ресорот Министерство за образование каде се зголемува, но немојте да се лажете дека е којзне за што предвидено, тоа е најверојатно за програмата на етничките заедници таму каде веројатно се обесправени во делот на Тетовскиот универзитет итн., не би сакал да ја елаборирам таа работа.

Научните институти, имаме намалување и таму, тоа изнесува за 5 милиони денари, а во програмата за поддршка на стратешки приоритети износот од 86 милиони што е утврден со буџетот со ребалансот се предлага да изнесува 44.500.000 денари, што значи скоро 50% намалување.

Ова е еден мој коментар, мое видување по однос на ребалансот на Буџетот и по однос на поодделни буџетски корисници, сметам дека овој ребаланс што ни се нуди, само заборавив уште нешто да спомнам, колку што можам да забелешам, има дел во буџетот односно ребалансот каде што се предвидуваат средства за исплата по судски долг за Макпетрол и тука не ми е јасно зошто со ребалансот се предвидуваат такви средства, познато ми е од Министерството за економија кога станува збор за Макпетрол, тоа е во делот на увозот на нафта, има поднесено правен лек, имаат поднесено барање за заштита на законитоста, нормално овластен предлагач и незнам зошто се преферира, зошто не се исчекува да се види која е конечната одлука. Тоа не би сакал да го поврзувам со некои внатрешни интереси кои имавме прилика да ги слушаме во јавноста особено кога станува збор за Макпетрол, неговата привилегија што ја има особено кај премиерот за што сме сите сведоци дури и кога стануваше збор за приватизација на гасоводот и  сведоци сме дека имавме контра аргументи помеѓу министерот за економија и самиот премиер.

Значи, не би сакал да верувам дека ова се прави заради некаква привилегирана позиција на Макпетрол за да се задоволат нечии апетити затоа што имаме можност и прилика тоа да го слушаме во јавноста, се надевам дека такви влијанија нема да има.

Да резимирам ребалансот на Буџетот денеска го носиме во мирна атмосфера, значи нема тропање, нема чукање, нема врева, се надевам дека она што се предвидува тука така и ќе се оствари и се надевам дека до рецесија нема да дојде, се надевам дека до девалвација нема да дојде, затоа што ако до тоа дојде незнам како граѓаните на Република Македонија ќе го издржат тој удар, нормално на потег е Владата нормално тие што го предлагаат овој буџет заради се што искажав, заради сите овие забелешки што ги кажав и заради тоа што ниту дадовме позитивно мислење кога беше буџетот и за овој ребаланс ќе гласаме против.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам г-дине Караџоски, зборувавте 50 минути, јас мислев дека саатот што е поставен овде ќе има ефект, но изгледа нема.

Госпоѓице Грковска имате реплика или барате збор.

Повелете три минути.

Се извинувам сега се пријави министерот, па дали можеме да му дадеме предност.

Повелете г-дине министре.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Со оглед дека мојот почитуван колега поранешен па и сегашен, 50-тина зборуваше, колега во институциите на државата и поранешен колега како пратеници, не беше ни малку фер, а беше прилично остар и груб во своето искажување, што е дозволиво во Парламентот. Дозволете тие 50 минути кои се од Прилеп до Битола 30 и нешто км. разлика, ако и тие ги дополните ги стигнете до рекордите.

Морам да кажам дека многу се зборуваше, а сепак малку се кажа и дека и тоа што се кажа, освен што се читаше ставка по ставка што ние сме го предложиле, што нема никаква смисла и парекселанс, свесно трошење на време, инаку јас како претседател на Собрание знам дека еден час расправа на Парламентот и заседание

под услов ако се сите пратеници тука, а според потписите се секогаш над 100 чини 3000 евра. Г-динот Жарко Караџоски веќе 3000 евра ги потроши од тие што ги бара во буџетот за некои намени.

Дозволете да го кажам следното.

Имам впечток дека на г-динот Караџоски му е јасно дека во МВР има голем трансфер на пари од Министерството за одбрана заради тоа што се преземаат стотици луѓе со своите надлежности за граничната армиска единица во граничната полиција. И покрај тоа што сум уверен дека на г-динот Караџоски тоа му е јасно тој кажа дека буџетот се зголемува во полицијата и дека тоа е знак на полициска држава. Сметам дека со оглед на тоа дека му е јасно како претседател на Комисијата за финансирање и буџет, со оглед дека тоа го пишува во Буџетот, а кој многу внимателно тоа го прочитал очигледно можам да претпоставам дека целта му беше да троши време и да манипулира со јавноста.

Второ, ме повика да си дадам оставка како министер. Веднаш да соопштам г-дине Караџоски ако вас ве слушам и ако се однесуваше до вас јас немаше ни да бидам министер затоа што вие не гласавте за тоа, и тоа два пати, така што немам намера по вашата иницијатива да размислувам. Имам намера за таква иницијатива за размислувам од колегите кои гласале за мене.

На забелешката каде треба да одам да работам ја сметам за преминување на линијата на расправа во Собранието.

А сега да кажам не таму каде што имаме политички разлики, туку таму каде што вие се обидувате свесно да ја злоупотребувате говорницата во насока на дезинформирање на јавноста, што мислам дека е испод нивото на било кој пратеник во било која држава во светот, а не особено на претседателот на Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија.

Прво, кажавте дека конверираните ставки, освен ако не разбирате што сте кажале, а ако тоа е така тоа е ваш проблем, меѓутоа уверен сум дека разбирате, прво соопштивте дека конверираната стапка на царина се намалила од 5 и нешто на 3, годината што следи ќе се намали на 2,8% заради договорите за слободна трговија и други акти кои Македонија ги потпишала, како што се трговија со ЕУ и членство во ВТО, конверираната стапка се намалува за да веднаш после тоа кажете врз основа на тоа се намалуваат царините кога и во времето на ВМРО биле слободните договори. За тоа сметам г-дине Караџоски, извинете, дека е свесна манипулација затоа што вие сте ги гласале сите тие закони и знаете дека ослободувањето првата

година е 80% да се плаќа царина, па втората 60%, па 40%, па 50% о 0, така што наредната година и ништо веќе да не смениме во овој Парламент ние ќе стигнеме до уште пониска. Идната година ќе бидеме некаде 2,8%, а следната година уште повеќе. Следствено на тоа царините ќе паѓаат. Сметам дека тука манипулиравте.

А сега сакам да кажам таму каде што имам различно мислење од вашето за некои делови, не за политичките квалификации, за квантификациите.

Оваа година за 7 месеци имаме странски директни инвестиции колку за цела 2003 година, околу 93-94 милиони. Остануваат уште 5 месеци во кои таа бројка ќе надмине сигурно 100 милиони. Да потсетам дека во однос на 2002 година имавме зголемувања од околу 25-26% на странски директни инвестиции и оваа година ќе имаме уште толку. Поранешниот премиер вети на оваа говорница 200 милиони долари инвестиции во Македонија. Само странските инвестиции веќе се на половината за 7 месеци и ако го земете само Фондот за патишта каде што имаме инвестиции во вредност од околу 5 милијарди денари по годишна програма, каде што има и странски кредити кои не се директно странски инвестиции тоа се уште околу 100 милиони долари. Цифрата завршува на 200. Исклучувам се друго. Исклучувам се друго а можам да набројам уште многу други основи и можеби не треба да сме постојано скептични каде што нема потреба. Сумата на инвестирани средства во Македонија можеби ќе надмине 200 милиони долари.

Трета работа, ја соопштивме во јавноста, а сакам да ја повторам затоа што може да дојде до недоразбирање.

Кај земјоделието 70 милиони според Програмите се намалени во Буџетот, тоа е точно, меѓутоа има една друга работа која треба да ја имаме предвид. Оваа година имавме поплави и за таа намена донесовме и закон и двоиме средства за надомест на поплавените. 70-те милиони субвенции во земјоделието се намалуваат за она производство што го надоместуваме дека има претрпено штета. Не можеме на истиот земјоделец ако пријавил дека има уништено производство да му дадеме субвенција за тоа производство. За тоа производство му даваме надомест на штета од поплавените. Тие земјоделци кои имаат штета од поплавите субвенција неможе да добијат затоа што немаат производство, а од средствата за штета од поплавените досега се 40 милиони и ќе се додадат, бидејќи пресметките се при крај околу 70 милиони денари на земјоделците плус по другите намени како што се патишта, улици, мостови, што не го сметаме во земјоделието. Ова се само за нив и сумата одкако ќе ја собереме ќе биде малку над тоа од различни извори, меѓутоа

државате е должна да ги прави сите тие комбинации за да го изведеме билансот. Едноставно нема субвенции за оние кои имаат поднесено и ќе добијат во некој износ штети од поплавите. Сумата заедно ќе биде поголема.

И третото, односно последно г-дине Караџоски незнам со каква храброст пет минути го обвинувате актуелниот министер за финансии во врска со Макпетрол. Навистина не знам со какво лице, па дури и пред лица кои седат овде во вашите редови и вашите партии го обвинувате за 240 милиони кои ќе ги врати од даночните обврзници заради грешка на која никој не влијаел од тие каде што го барате тоа. Одлуката е доведена во ситуација на извршување. Ние сега зависиме,за жал со судските одлуки од добрата волја на Макпетрол во моментот кога ќе сака извршно решение да активира. Јас како министер за финансии сум должен да предвидам тоа што може да ми се случи, затоа што во друг случај кога тогаш 240 милиони ќе бидат сибнати од позиција од која никој не сака да се сибнат, јас тука вина не чувствувам, меѓутоа од тој од кој има вина не директна, лична знам и сум уверен дека вие немате лична вина во тоа, меѓутоа да ме обвинувате мене а да не се свртите на страната на која треба за да ја лоцирате вината сметам дека е политичка и апсолутно не фер комбинација во која вие настапувате во Парламентот. Граѓаните на Македонија ќе платат однесување на тогашниот премиер, министер за финансии и директор на царина. Тоа е вертикалата каде треба да ја барате вината.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Караџоски имате три минути за реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Најнапред да кажам дека тоа е вертикалата почитуван министре каде што сега ја бараме одговорноста и јас незнам што толку вие се повредивте, затоа што јас воопшто вас не ве спомнав. Јас кажав предлагачот, тоа е Владата и спомнав премиерот, а воопшто вас не ве спомнав. Не знам што вие се чувствувате одговорен, инаку таа е вертикалата за која што јас се согласувам.

Го кажав и следното. Вложен е правен лек и со тој правен лек се запира извршувањето, или е во мирување. Тоа треба да се предвиди.

И кажав, апострофирав на премиерот да не се некои други причини поради кои што во јавностаможеме да слушнеме со гасовод, со незнам што друго итн. Јас воопшто не знам што вие се повредивте, затоа што вас не ве ни спомнав.

По однос на другото не би навлегувал затоа што немам време, толку е времето лза реплика. Добро е што не ме слушавте кога не сум гласал за вас, ама да

ме послушавте сигурно немаше да ја направите оваа грешка, да бидете на таа функција за која очигледно не ве бива.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор за реплика г-ѓа Славица Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Г-дине Караџоски да бидам искрена не очекував дека ќе го спомнете образованието во вашето излагање и да бидам искрена не сум изненадена што во вашето излагање за образованието повторно се обидувате да ја свртите темата на меѓуетничките односи, заради тоа што тоа се покажа во вашата политика досега, најдоходовна тема за зголемување на партискиот рејтинг.

Меѓутоа,за жал од вчера па наваму сите ваши, и не само ваши, туку на вашата пратеничка група, на вашата партија, на парламентарната опозиција залагања за образованието ќе ги сваќам само декларативни и во функција на партиски рејтинг. Зошто?

На вчерашната јавна расправа, прва за националната програма за развој на образованието немаше ниту еден претставник на парламентарната опозиција и покрај тоа што беа поканети по еден претставник од политичките партии и од членовите и замениците членови на Парламентарната комисија за образование и наука. Разговаравме за национална програма за развој на образованието од 2005 до 2010 година. Ако во вашата политичка определба образованието имаше такво место, таква позиција и ако сте вие толку загрижени за образование како што сакате тоа да го претставите две години station наназад вие ќе имавте ваши претставници вчера. Од вчера натаму сите ваши заложби за образованието од овие причини ќе ги сметам само декларативно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Караџоски контра реплика една минута.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Колешке, незнам само ова “ваши” на кого се однесува. Мене сигурно не ми се обраќате со наши и ваши. Ако тоа се однесува на мене во ред, прифаќам, меѓутоа ако се однесува на некој политички субјекти мислам дека адресата е погрешна.

Не слушнав ништо да кажете во делот на ученичкиот стандард, студенскиот стандард, за кој што јас зборував. Мислев дека во тој дел нешто повеќе ќе кажевте.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, објавувам пауза до 14,00 часот

(пауза од 12,55 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,01 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Збор има господинот Мавровски Спиро.

Не е тука.

Потоа господиное Груевски Никола, не е тука.

Дали некој друг бара збор?

Господине Стојаноски немојте да...

(Пратеникот Блаже Стојаноски коментира од место).

Не можам јас да почекам. Веќе година дена знаете дека сум точен.

(Пратеникот Стојаноски повторно коментира).

Нема по ова гласање.

Вие сакате за ова да зборувате?

Повелете господине Стојаноски, зборувајте.

Во секој случај јавноста ве гледа.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Нема да должам многу затоа што гледам има и други пратеници кои се пријавени, се надевам дека во дискусијата што ја имавме на претпладневната сесија дадов еден доволен број на аргументи што се однесуваат на ребалансот на Буџетот, имајќи предвид дека некои аспекти не беа опфатени. Меѓутоа, сметам дека требаше малку повеќе да се задржам на земјоделието. Од тие причини сакав да кажам уште некој збор во однос на таа развојна, ако може така да се каже, затоа што развојната компомента на Буџетот останува само на декларативна заложба на Владата на Република Македонија, односно не само на Министерството за финансии. Јас сум свесен дека Министерството за финансии како самостојно Министерство не е во состојба самостојно да поттикне развој на економските односи на Република Македонија. Меѓутоа, Владата како целина, на чело со премиерот е таа која што треба пред се да посвети едно значајно внимание на развјот на економијата во Република Македонија, односно да се запре оваа стагнација или назадување на економските односи во Република Македонија. Од друга страна да се стабилизира состојбата и да се почне со еден од напред, што значи дека за тоа се потребни

реални мерки што само се предвидуваат во макроекономската политика на Владата. но до ден денешен сеуште не можеме да видиме никакви резултати.

Сметам дека многу малку во образложението се спомнаа реформите. Како услов за отпочнување на некакво поволно создавање на економска атмосфера во Република Македонија. Затоа што, ако зборувавме за реформите во администрацијата каде што, како што кажав, се сведоа на простор пуштање на лица од работа и вработување на други, ако зборуваме за реформите во судскиот систем, кои што се сведоа само на донесување одреден број на закони што се однесуваат на оваа област, меѓутоа самата стратегија на реформи во судскиот систем е исто така многу битна за оваа сфера, затоа што наплатата на побарувањата, судските спорови што се одолговлекуваат долг временски ериод и самиот начин на функционирање или позицијата што ја има судството во Република Македонија  е многу значаен фактор за економските односи во Република Македонија. Затоа што, секако дека наплатата на побарувањата треба да оди преку извршување на извршните решенија, на извршните постапки што одат преку судовите. Исто така, споровите што произлегуваат од облигационите односи помеѓу деловните субјекти, исто така се предмет на решавање и одлучување од страна на судовите, што значи дека реформата во судскиот систем е еден битен, многу битен сегмент за  создавање поволна економска ситуација во Република Македонија за комплетен развој на економијата во државата.

Владеењето на правото, создавањето атмосфера на правна сигурност, заштитата на сопственоста...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам господине Стојаноски владеењето на правото, правната сигурност сето тоа е во ред. Меѓутоа, не гледам дека тоа има сега врска со ребалансот на Буџетот. Ве молам, ако сте се пријавиле за збор за да дојдат другите пратеници на ред за зборување, сега господинот Мавровски е тука, па ве молам прекинете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Господине претседателе,

Ако владеењето на правото нема врска со ребалансот и со прибирањето на средства во Буџетот, а од тоа зависи функционирањето на економијата...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да, само вие користите една секунда за Буџетот а два часа за владеењето на правото. Направете го односот поинаков. Нека биде два часа за Буџетот а 10 минути за владеење на правото.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Добро, се согласувам со вас дека може така да се договориме, меѓутоа не мислам толку долго да разговарам. Што значи дека она што сакав да го кажам се однесува на вкупната економска ситуација за да може приливите, приходите во Буџетот да бидат реални, предвидливи и да може оние цели што се сака да се постигнат, а ги има дефинирано Владата преку политиките што ги остварува, директно се одразуваат на полнењето на Буџетот, што доведува до вакви ситуации на ребаланси, односно недостиг на средства од одредени извори и недостиг на средства за одредени намени.

Фактот што економската компонента во овој Буџет сеуште останува иста онаква каква што беше и при неговото донесување, со овој ребаланс и фактот што 50% од овој Буџет служи за социјални трансфери, 1/3 од него се троши за плата односно сите оние аспекти што се однесуваат на административно работење на Владата се исполнуваат затоа што тие средства се користат за фиксни трошоци што произлегуваат за граѓаните од различни законски основи, а од друга страна, оној дел што се однесува директно на поттикнување на развојот на економските односи во Република Македонија, на создавање економска атмосфера што може да значи приход во Буџетот на Република Македонија и зголемување на делот од Буџетот што треба повратно да влијае на поттикнување на економскиот развој на Републиката го нема.

Од тие причини сметам дека Владата со ова покажува дека административните работи ги врши исклучително добро затоа што тие административни работи се однесуваат на исплата на плати, на исплата на социјални надоместоци, на исплата на надоместок за детски додаток, на други давачки што се однесуваат на студентскиот стандард и тн. и тн., меѓутоа делот кој се однесува на капитални инвестиции не се троши. Односно, парите што се наменети да влезат во стопанството на овој или оној начин не влегуваат. Стопанството е оставено само на себе, се собираат средства преку притисок, преку инспекции, на најразлични други начини, а од друга страна никаква поддршка на тие претприемачи за развој на бизнисот што почнале да го вршат.

Тоа е таа економска политика. За тоа зборувам. Ова е фактички суштинското полнење на Буџетот на Република Македонија. Доколку парите не се вратат во стопанството нема профит, нема создавање на никаква добивка, нема данок од што да се земе или се зема онолку колку што се плаќањата што произлегуваат пред се од монополски поставените организации. Затоа што акоземеме да ја анализираме структурата на приходи на Буџетот ќе видиме дека најголем дел доаѓаат од монополски поставените фирми во Република Македонија. По кој основ, како, зошто, тоа може да биде тема на друга анализа.

Меѓутоа, факт е деа во Република Македонија немаме економска атмосфера во која што домашните претприемачи, а пред се странски, затоа што странските дирекни инвестиции како бројки можеби ги имаме, некакви, но факт е дека на пример во Република Бугарија има две милијарди долари странски инвестиции за овие девет месеци во оваа година, во Република Македонија ние се фалиме дека 95 милиони сме оствариле до сега и тоа претставува напредок во однос на претходната година кога рековме дека со 80 и неколку милиони долари толку можело да се реализира како странски инвестиции. А, не се запрашуваме зошто е тоа така? Зошто домашните инвеститори не вложуваат прво во Македонија, да дадат сериозен сигнал и за странските инвеститори или се работи за инвестирање на странски или домашен, во вид на странски капитал кој што влегува во македонската економија, меѓутоа бизнис-проекциите, иднината на овие бизниси навистина зависи и од владеењето на правото и од сите овие работи за кои што зборував.

Не сакам да должам, сакам да оставам и другите нешто да кажат. Се согласувам дека Владата како целина, не само Министерството за финансии, треба да се зафати сериозно со економските проблеми во Република Македонија. На тој начин, на граѓаните на Република Македонија реално да им се покажат новите работни места да ги видат, да почувствуваат дека постојат нови вработувања, дека се градат објекти, дека се увезуваат машини и технологија што ќе значат иднина на оваа држава, а не само декларативно - да, ние се залагаме за тоа, меѓутоа и се оставаат три точки и тн. и тн. И на крајот министерот за финансии ќе дојде - нема приходи, нема пари, нема ова, нема она. И, тој ќе биде виновен за општата состојба, за проекциите што ги прави со Буџетот, за развојните компоненти што објективно се однесуваат само на зачвување на макроекономската стабилност на Република Македонија и на ништо повеќе, а тоа значи сите цени што ги плаќа Република Македонија по овој или оној основ ги плаќаат граѓаните на Република Македонија, со

плаќање на скапа, гломазна, неефективна администрација, со проблеми што се во областа на судскиот систем и тн. и тн. Да не должам.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Стојаноски.

Господинот Караџоски сега не е присутен тука, но затоа редот го зачува за господинот Мавровски. Тоа ми личи на старите времиња кога чекавме за кино-билети, па еден чека за друг ред.

Повелете господине Мавровски, дојдовте до збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Јас го очекував министерот, бидејќи еве чекавме и пред да ја дадете паузата за реплика, кажавте дека репликата ќе може да биде и после паузата, а министерот не го гледам. Значи и покрај редот, она што го баравме да се слушне, бидејќи се негови изјавите, јас со заменикот министер не можам да расправам за она што тука јавно од говорница го искажа господинот министер, но сепак еве, можеби слуша, во меѓувреме можеби и ќе дојде така да расчистиме некои работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Слободни сте во вашиот говор да одговорите на некои...

СПИРО МАВРОВСКИ:

Затоа мислев дека тие три минути ќе беа доволни да можевме да расчистиме, бидејќи немаше други реплики.

Благодарам.

Еве, јас би почнал од тоа што значеше експозе на министерот за финансии, господинот Поповски.

Внимателно слушајќи, горе-долу, според неговото образложение, се е во ред и дека сето она што беше предвидено ќе биде реализирано. Но, има, во сето тоа планирање, некои мали фалинки. Мали, а некаде и поголеми. И сега, според неговото објаснување, ако го изземеме стопанството, т.е. индустрискиот раст на бруто домашниот производ (БДП) ќе биде  повторно во пораст од некаде 2,8%. Но, падот на индустриското производство што од почетокот на годината се движи на некои бројки некаде од 40%, а некогаш беше презентирано и повеќе, сега со промената на директорот на Заводот за статистика можеби до крајот на годината да стигнеме и до таа бројка од 4% на БДП колку што имаше планирано и

Министерството и Владата, да може да биде во тек со она што беше предлагано со граѓаните на Република Македонија.

Но, кога доаѓавте на власт кажувавте дека БДП ќе биде обезбедено стабилно и постојано зголемувње, некаде на 6% годишно. За жал, од ова, многу тешко реализирате. Во 2003 година БДП беше 3,2%, оваа година е многу интересна, според ваши кажувања, значи без индустриското производство повторно прикажувате пораст од 2,8%. Но, тоа е сепак многу далеку од предвидените 6%. Предвидените 6% што треба да не доближат до ЕУ и тоа што ние како Влада и како Парамент се трудиме да го направиме.

Но, за да не биде сето тоа така се погриживте со презентирање на бројки од данок од ДДВ каде имаме покачување за цели 4,8%. Но, и тука имавме едни ветувања во кои што кажувавте дека преку реформа на таа даночна политика ќе се обезбеди проширување на опфатот на стоките со повластена даночна стапка од 5% на ДДВ. За жал, направивте спортивно. И тоа што беше со 5% го качивте на 18%, па наместо да го растоварите македонското стопанство, уште повеќе го оптоваривте. Така што тоа е еден од предусловите за неможноста за развој а истото. А ова, истото, ги товари граѓаните на Република Македонија кои основните намирници и се што значи земјоделски произвд и средства што ќе ги употребат земјоделците, со покачувањето на ДДВ се покачуваат и нивните цени.

Јавноста од ова сфати дека ветувањата за повисок стандард и нормална живеачка, од легендарниот 15 септември се нереални. На крајот од двогодишниот кредит даден од граѓаните, оцената за Владата на СДСМ, ЛДП и ДУИ не може да биде задоволителна.

Црвеното алармно светло, господа, одамна е вклучено, но сето тоа како вас да не ве возбудува и сега повторно министерот ни говори за некои нови закони шт ќе ни ги понудите до крајот на оваа година, а повторно 2005 година ќе биде иста како 2004 година, година на економскки бум. Но, заборавате или не сакате да кажете дека 2005 година се нови локални избори, а 2006 година се веќе парламентарните избори. Така што сето ова што се случува во моментов не е решение, а уште помалку е она што оваа 2004 година требаше да го направи како економски бум, со 200 милиони евра инвестиции. За нив говоревте дека се уште поголеми од предвиденото, но индустрискиот пад е толку очигледен, така што не можеме да се скриеме зад сето ова.

Тоа што министерот пред малку го кажа од говорница, тој повторно не убедува дека до сега има 93 милиони долари инвестиции, дека се 100 милиони од Фондот за патишта што веќе три или четири години стојат и што се реализираат во оваа година. Но, еве, се прикажуваат како инвестиции во оваа 2004 година и со тоа се исполнува бројката од 200 милиони долари странски индиректни инвестиции.

Тука министерот си зема за право да кажува дека нешто од тоа можеби е кредит и ако тргнеме на тој начин, наредниот кредит што ЕСМ треба да го земе од 130 милиони и 90 што ги зеде, ако ги вложи и овие во инвестициите, тогаш ќе стигнеме до една бројка што ќе претставува 400 милиони евра, а не 200 како то кажа господинот Бранко Црвенковски. Значи, тука имаме проблем. Јас не знам, ако сето ова е толку, толку многу пари влезено во Македонија, а индустријата апсолутно не е помрдната, значи нашиот проблем е многу поголем одколку што сите мислиме.

Господо, ваквите работи, како што ни се случуваат нам, ги има во малку држави во светот. Вие, како Влада, успеавте да соберете доволно пари во Буџетот што нема да можете да ги потрошите до крајот на годината. Ваквата штедливост воопшто не е доблест. Туку е штетна за целата економија во услови кога државата се јавува како релативно голем инвеститор, во инаку инвестиционото домашно мртвило, но и трошаџија на разни потрошни добра, па голем број фирми се зависни од плаќањата што се извршуваат од државната каса, неискористување на веќе собраните средства, не е логично и не е сфатливо. Тоа е толку контрапротуктивно што дури влијае и го забавува и онака нискиот економски пораст.

Ако ништо друго, доколку се реализираа планираните расходи за капитални трошоци во годината кога стопанската активност речиси замре и кога индустриското производство бележеше огромни падови, со регуларни и предвидени буџетски трошеза за планирани намени, состојбата барем за малку можеше да се подори. Не дека ќе можеа да се направат чуда, но во економијата е познат ефектот на мултиплицирање кога денар вложување всушност знчи многу повеќе. Тоа не го видовме.

Кај народот често се вели, тоа го кажа еднао моја колешка од позицијата, дека е најдобро да се учи од туѓите грешки и искуства или пак барем да не се повторуваат сопствените грешки. Ова што е народна мудрост не важеше и за Владата и за другите државни интитуции што преку разни програми требаше да ги потрошат буџетските средства.

За жал, не е прв пат парите во Буџетот наменети за капитални инвестиции да не се искористат на време и во целост. Така беше и минатата година, но тоа беше земено како аргумент повеќе за смена на тогашниот министер за финансии. Тогаш и позицијата и опозицијата многу жестоко го нападнаа тогашниот министер за финансии кој сега се наоѓа на местото Гувернер на Народната банка на Македонија, функционира многу независно од сето она што се случуваше и покрај тоа што реагираше како и сегашниот министер за финансии, дека тоа беше домаќинско работење, дека така требаше да биде и едноставно дека се што работел до тогаш било така како што треба да биде.

Тогашната Влада не трошела, вадејќи се дека штедела, а всушност или не знаеле или не сакале да направат нешто паметно со парите. Буџетот, сам по себе е рестриктивен и определениот износ по министерства мора да биде упторебен. Вака ни се случи Владата да не го сработи тоа што требаше во ресорите, не се реализираа и туркаа проекти и не се размислуваше инвестиционо.

Заради тоа се случија овие работи. Според тоа во сите министерства, каде што треба план и труд да се спроведе, парите да се потрошат, тие не се реаизирани. Од друга страна каде што не треба ова да се нарпави, сите пари се потрошени.

Од економските аналитичари, се кажува дека лошата реализација на планот на јавните инвестиции всушност, значи само едн: слаб управувачки капацитет, и лоша координација помеѓу институциите. Затоа со овој ребаланс, оваа Влада нема капацитет да инвестира и да им овозможи на фирмите нормално да работат, дури се случува државата со судски пресуди да казнува и фирми.

Понатаму, во експозето се кажува дека после долга низа години, сте го запрале нагорниот тренд на невработеност и тоа сте го намалиле од 393 илјади невработени на 388 илјади. Значи за цели 5 илјади ново вработени, или намалување на бројот на невработени. Според вас, или пак отпишани според мене или повеќето, отпишани од Заводот за вработување, поради новите услови за пријавување. Значи, ако не се пријавите во наредните 30 дена, едноставно, ве бришат од евиденција, не прифаќање на одредени работни места, којшто не се соодветни повторно ве бришат од евиденција во Заводот за вработување и тоа е она што многу брзо тие 5 илјади луѓе што се вработени. Или пак оние што се вработени со договор на дело и после две години, вие ќе ги избркате да ја бараат среќата некаде во странство, а ќе

примите нови кадри со договор на дело, кои повторно ќе ги испратите на обука. Тоа се случува во скоро сите министерства и тоа сега е и овде.

Кажавте за Бранковиот закон неколку збора и вашите тврдења дека последните неколку дена од 2003 година се вработени повеќе илјади луѓе и тоа било проблем, Буџетот да го балансирате и да знаете колку ни треба таков трошок. Сега од некои од колегите слушнав една погрешна бројка, погрешна пресметка, бидејки вие побарувате 679 милиони денари во расходниот дел на Буџетот, кое што треба да се покрие заради овие нови вработени, во таа последна недела на 2003 година, бидејки другите сигурно ги предвидовте во Буџетот. Сега ако кажавме дека тоа е некаде од околу 50 илјади денари по вработен годишно, се доаѓа до бројката од 13.600 луѓе. Сега незнам, можеби е добро што кај нас Божиќ е после Нова Година. Инаку во Европската унија последните денови од годината се неработни, така да и Дедо Мраз не можеше да ги подели овие места. Значи кажувате за бројка вкупно од 16 илјади, а последната недла од 13.600 вработени. Неколку пати е посавено прашањето каде со овие луѓе вработени. Сеуште не добивме одговор. Дали тоа се работници кои се испуштени од една фирма, а примени во истата, сега таа регистрирана под друго име, пријавени луѓе што работеле по кафулиња и други места, но во секојслучај, вашата преоптимистичка бројка, за пораз на вработеноста од 3% е сосема неприфатлива при вашето толкување дека тоа ќе се случи како резултат на коегзистентната макроекономска политика, превземените мерки насочени кон зголемвуање на флексибилноста на пазарот на работна сила и секако, зголемениот обем на странски инвестици, како главен генератор за отворање нови работни места.

Сега, тие странски дирекни инвестиции, за кои пред малку говоревме, колкави се во Република Македонија, вие знаете подобро од мене, а јас исто како и граѓаните, толку ги очекувавме, но не ги гледаме никаде, да се раздвижи барем нешто во ова наше мртво стопанство.

Во однос на реализацијата на Буџетот за ДДВ веќе стана збор, друга стапка се реализираните приходи од акцизи и тие се помали за 2,9% и тоа поради тоа како штокажувате, пониските приходи од акцизите на тутунските преработки, во услови на намалено производство на овие добра. Но дали е ова така? Вакви акцизни стоки и тоа го поставувавме неколку пати, се гледаат на секој чекор во нашата држава, се препродаваат по тезги и пазари. Последните прикази на запленети вакви стоки на царинските премини со милионски суми во евра, кажува дека за сето ова треба

државата да поведе многу повеќе сметка, затоа што овие давачки го полнат Буџетот на секоја држава во светот, но исто се и тие кои носат голема заработувачка за оние кои што работат на црно и кои што ги имаат најголемите профити од сите овие зделки. Дали државата тука има вмешано свои прсти, сигурно дека вие ќе треба да го кажете сето тоа, а приносот, очигледно, дека е намален.

Понатаму, следат реализирани давачки од увоз, кои се помали за 2,6% и тоа како што кажавте, поради либерализација на пазарот, но од друга страна, ништо не се кажува што со огромниот увоз, кој според брoките изнесува некаде околу 60 милијарди денари. Ако е тоа така, и ако бројките кои што ни ги презентира министерот, минатата година дека се реализирани околу 10 милијарди ДДВ од увоз на овие стоки, а оваа година само во првите 7 или 9 месеци 11,7 милијарди, значи 1,7 милијарди до сега зголемено ДДВ од наплата на овие увозни стоки, мислам дека треба да се поведе голема сметка. Тука кажуваме дека имаме за возврат во апсолутни бројки 11,2% зголемвуање на извозот на домашното производство. Колку значи тоа  во бројки не го видовме, колку милијарди денари и што ние извезуваме и тоа требаше да го имаме.

Најголемото потфрлање е при данокот за добивка, кој потфрли за некааде за 18,84% според проекциите, а дури за 22,5% во однос на ланската година.

Објаснувањата, дека тоа се должи на враќање на одделни суми по поднесување на завршни сметки, не држи, а исто дека кај овој данок постојат поголем број на ослободувања на државата, ова покажува дека кај многу мал број на фирмите кои работат со добивка, за да може да го платат овој данок на добивка и дека стопанството е полу мртво за да може да го прикаже овој данок. Но многу од нашите фирми, работат јалово без добивка, многу од вработените не ги примаат своите лични доходи без инвестиции, кој понатаму тврдат дека ги нема и обновени технолошки линии, со застарената опрема која ја имаат нашите фирми, извршена е либерализација и сега она што ќе значи работа на овие фирми, ќе биде уште поголем проблем.

Монополските организации добивката понатаму тешко можеме да ја прикажеме и покрај се, и покрај она што Министерството за економија ќе се обиде преку даноците да го прикаже сето тоа, но тешко се стигнува до реалните бројки и до реалните вредности.

Во однос на расходната страна е реализацијата на капиталните расходи која е реализирана со 2474 милиони денари, односно 40% од планираното. А сега, за да

биде ова така, основна причина која ја наведувате е новиот закон за јавни набавки, кој е донесен на почетокот на годината, со кој како што велите, се зајакнуваат процедурите, поврзани со изборот, за да се добие една контрола и транспарентност на јавната потрошувачка. Но јас ве уверувам дека претпазливоста и сложените процедури, воопшто не можат да се прифатат како изговор за неизвршување на планот, или пак за трошење на само 40% од планираното. Не сакам да верувам, но според податоците што ги имав, сега веќе се уверувам дека се работи за калкуланство на поединци и поради нивната неможност да наместат свои фирми на јавните тендери и по онаа наша логика ако не можат моите,не мораат ниту другите, парите останаа таму каде што и беа, во државната каса. Тоа се 800 милиони.

Инаку што се случува на овие јавни тендери, најдобро знаат оние стопанственици, кои учествуваат на нив и се случува повеќе од 50% и мислам дек аи Министерството за финансии и Министерството за внатрешни работи е известено за некои од овие работи. Значи првото е известување број 1 кој ќе го добијат сите дека се избрани со најдобра понуда и нормално, почнуваат да планираат дека треба да почнат да работат. После тоа следи известувањето број 2, во кое што се кажува, не само дека вие сте избрани, дека се избрани уште две или три или незнам уште колку фирми со кои што заедно ќе треба да се добие работата. И на крајот известувањето број 3, кое што сите овие јавни набавки ги паѓа во вода, каде што се кажува дека ќе треба да работите по цена која што ќе ви ја каже оној кој што ќе го плати тендерот. Ако сето ова е толку транспарентно и ви личи на Законот за јавни набавки, тогаш се е во ред. Ако со ова се издадат документи, вие повеќе немате шанса да добиете никаква работа, ниту во било кое јавно претпријатие, а уште помалку во некои од овие минситерства. Тоа е факт.  Ете ова е таа вистина за голем број случаи.

Министерот многу жестоко реагираше, дури се навреди во однос на она што значи ситуација во ребалансот и предвидените 240 милиони денари, кој што треба да бидат предвидени за Макпетрол. Јас колку што знам пред мене имам уште една информација дека на 30, Царинската управа, повторно го отвори случајот со Макпетрол. Истото го кажува и минситерот за економија Стевчо Јакимовски, каде што се бараат сите правни лекови и сега државата гледам многу едноставно се одрекува од овие 240 милиони, веќе ги планира со ребаланс на Буџетот да се вратат на Макпетрол.

Јас почитувам се што е правна држава и што значи одлука на судот, но од друга страна, се случуваат некои други работи, кои што очекував дека и тука ќе

предвидите некои средства кога сте ги предвиделе за Макпетрол. Само тие што се преместувани од работни места, бркани, кои што сега добиваат судски решенија, каде што сегашниот премиер, тогашен министер за внатрешни работи ги издал тие решенија, сега кој ќе биде одговорен, повторно никој, повторно тие средства ќе ги плаќаат граѓаните на Република Македонија  и повторно од Буџетот на Република Македонија. Но за тие средства кои што треба да бидат исплатени, јас негледам дека тука спојувате било какви други средства, но за Макпетрол обавезно се одвоени 240 милиони, значи ништо не смее да не изненади, ние треба да ги имаме парите и тоа е во ред.

Но, од друга страна, веќе минуваат две години. Вие ќе кажете дека тогашниот директор на Царината или незнам кои се виновни, по вертикала, по хоризонтала и незнам уште по која основа, но господа во овие две години државата, Владата и Буџетот на Република Македонија изгубија некаде околу 8 милиони евра, или претворено во денари ако милуваме некаде околу 500 милиони денари, затоа што Владата не успеа да донесе некоја одлука и неколку члена во Законот за телекомуникации, за да може да си ги наплати фрекфенциите од сите оние кои што ги користат во Република Македонија. Тоа е оваа Влада, сегашна Влада, која што овие 480 милиони, гледаме дека тука како што кажа министерот се крати од земјоделството, затоа што веќе имале толку големо производство, па штетата ќе била поголема, субвенциите нема да им се доплатат некои ситници, се работи за 70 милијона. 500 милиони денари Владата ги пропушта овие две години да го наполни Буџетот и со тоа да им помогне на граѓаните на Република Македонија. Ретроактивно, бидејки ова е правна држава, како штокажавте за Макпетрол, значи ние веќе можеме да ги наплатиме овие пари, т.е. вие, така да Буџетот ќе остане надвор од сето ова.

Понатаму, кажувате дека сето ова е стабилно, дека инфлацијата е 005%, но од друга страна господа, енергенсите во Република Македонија секој ден се покачуваат. И тоа ништонема влијание врз производството, врз ова наше индустриско производство кое што секој ден паѓа. Овие две години ние ја плаќавме најскапата нафта, што се плаќала во Европа, но за тоа не видов одговорност ни кај министрите, а уште помаку кај Владата.

Истото се случи со цената на струјата. Една рашомонијада невидена. Тука кажавме дека струјата ќе биде со 18%, па ќе биде со 13%, па ќе биде без ДДВ, па се кажаа многу работи и на крајот се покачи струјата. Сега имаме иста таква ситуација.

Ние формиравме Регулаторна комисија. Ова го говорам затоа што Буџетот треба да го планира, затоа што од минситерот и од премиерот се кажува дека до Нова Година, цената на електричната енергија ќе се покачи. Од друга страна директорот на Електростопанство на Македонија кажува дека ваква работа нема да се случи, а од трета страна ние како пратеници овде сите кажавме дека цените на енергенсите во Република Македонија ги формира Регулаторната комисија на Република Македонија. Сега, ако некој може да навести од вас кој е тој што ќе каже колкава ќе биде цената и дали таа ќе се покачи на 1 јануари на 304.2005, или воопшто нема да се покачи, или покачувањето од 18% ќе следи за еден месец, мислам дека тоа треба да го знаат граѓаните и да не правиме ситуации каде што секој може утре да кажува дека се ова шпекулации. Шпекулации не се, затоа што информациите доаѓаат од граѓаните и мислам дека треба да се дефинира ова што таа Регулаторна комисија треба да го работи. Во случајот не работи ништо и како што реков, и при формирањето е поставена за еден параван пред Владата, за се што значи напад кон Владата да заврши негде како една бариера, пред да стигне до оној кој што треба да одговара.

И уште една работа, бидејки многу често се навраќаме за она што значеше финансирање и она што некој од колегите кажуваат за минатото, јас сега ќе прашам, мене ми е многу жал што минситерот не е тука, директно да одговори, но кажуваме дека странските донации беа предвидени со некоја вредност од 2257 милиони денари и во моментот се реализирани, или ќе се реализираат докрајот на годината, во она што вие ни го презентирате како централен Буџет, ребалансот за 2004 со 1042. Значи тоа е 1215 милиони денари помалку, странските донации, значи тоа е повеќе од 55%, но од друга страна, странските кредити за кои што говориме ќе се покачат од 2713 на 3132 милиони денари, или тоа е повеќе за некаде 419 милиони денари. Сега треба да бидеме чесни кон граѓаните, ние знаеме дека се задолжуваме, знаеме кого задолжуваме, го задолжуваме народот на Република Македонија, но за што го задолжуваме, јас искрено да ви кажам незнам, а тоа треба да им се каже на граѓаните на Република Македонија, бидејки тоа се нивни пари, но се собираат од даноците кои што истите ги плаќаат.

Не би сакал да се повторувам, бидејќи многу од колегите говреа за Министерството за образование и Министерството за култура каде што за науката се извадени пари кои што во светот и покрај нашите вложувања од 02% наоѓаме начин и тоа да го скратиме, а тоа во Европската унија е некаде 3% без наука. Мислам и

вака не ни “цветаат многу рози”, но без тоа уште помалку, така да, тука е она што Владата требаше да размисли при овој ребаланс, апсолутно во науката, посебно во образованието и овие услови што сега влијаат во основното и средното образование, ќе требаше колку можеме што повеќе да инвестираме, да можат тие објекти да се направат.

Во однос на физичката култура и спортските објекти, многу пати говорев во овие две години, апсолутно продолжува и понатаму истиот тренд на запоставување. На времето се постигнуваше тоа со Агенцијата за млади и спорт, која што добиваше средства и таа ги трансформираше до спортските клубови, но сега повеќе не е така, така да сите овие заштеди, што вие ги кажувате тие 115 милиони за детски додаток, за социјална заштита, апсолутно, не држи, посебно и во здравството како што е поништувањето на тендерите, корисниците на Фондот за здравствено осигурување ги донесе во таква ситуација да немаат основни работи, со кои што треба да преживуваат, затоа што тоа се лекарства кои што не се набавени. Тука би ги спомнал болните од дијабетис, болнит еод леухемија и многу други, кои што во овој момент се доведени во многу непријатна ситуација, токму поради таа борба, некој да кажува дека овој тендер е поништен, па друг ќе дојде, па којзнае као се ќе функционира. Но во секој случај мислам дека тоа е што треба да го направите.

И на крајот би сакал, бидјеки кажав дека господинот министер не е тука, не би сакал да оставам, а да не му кажам дека колегата Караџоски потрошил за еден час 3 иљади евра.

Но, оваа цела седница е направена токму поради неговото непланирање, недобро планирање, ако тој планирал како што треба оваа седница сега немаше да се одржи, ќе беше билансот за 2004, немаше да има ребаланс и се ќе беше во ред, така што Собранието ќе заштедеше малку повеќе пари од тоа што тој го кажа. И знам дека не е пријатно кога човек слуша од опозиција критики, мислам лично не треба да сваќаат апсолутно ништо, затоа што неговите говори како опозиционер ако може да ги слушне, ако може сега да ги прочита беа многу ајде да не кажам погруби во однос на тогашната владеачка гарнитура. Но, во секој случај тоа е тоа, тој се нафати да биде министер, ова е негово, така да мора да ги истрпи сите овие критики и да одговори за истото што и како работи. Дали ние ќе побараме оставка еве јас сум еден од тие што бара оставка и од него и комплетно од Владата затоа што ова не е начин како да се работи, а неговиот одговор дека оние што не гласале за него не може да бараат оставка. Јас знам дека има луѓе кои досега не гласале ништо, а

сега се негови колеги и во Владата и претставници во овој парламент, така да тука апсолутно немаме никаква дилема.

Благодарам господине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Мавровски, зборувавте 29 минути, пресметав тоа е 1450 евра. Не пресметав, туку ги спомна трите илјади евра за саат, 29 минути е 1450 евра.

Повелете господине Шајноски имате збор, а потоа нека се подготви Јанаќе Витановски.

Госпоѓа Борозан има реплика од три минути.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Сакам на колегата Мавровски да му додадам уште три минути на контото, бидејќи праша дали некој во оваа сала знае да му објасни кој е надлежен да ја одреди цената на електричната енергија во Македонија. Според законот надлежна за одредување на цената на електричната енергија е Регулаторната комисија за енергетика. Меѓутоа, Регулаторната комисија не презема покачување или намалување на цената на струјата, се додека тоа не го побара производителот односно снабдувачот на електрична енергија. Тоа значи електричната енергија нема да се покачи се додека Електростопанство тоа не го побара, а сопственик на Електростопанство е државата во чие име управува Владата на Република Македонија. Според тоа, имаат право за цената на електричната енергија да зборуваат и Регулаторната комисија и генералниот директор на Електростопанство и претставниците на Владата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски имате една минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Па, мислев дека госпоѓата Борозан ќе помогне во разјаснувањето на работите, но сега остана уште понејасно. Значи, производителот Електростопанство на Македонија не бара покачување, газдата на Електростопанство тоа е Владата на Република Македонија бара покачување до 1 јануари и сега не знам јас што да им кажам на граѓаните кои ќе ме прашаат во Битола, а вие кажувате Регулаторната комисија е надлежна, јас знам дека е надлежна, треба да ги донесе и тарифите кои уште не се донесени. Значи, апсолутно останувана 1.01. или претходно да видиме

дали ќе имаме покачување и покрај тоа дали директорот на ЕСМ ќе се согласи или нема да се согласи.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Шајноски, а потоа е пратеникот Јанаќе Витаноски.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Благодарам.

Во мојава дискусија ќе се обидам да го напуштам вообичаениот досегашен начин на изнесување на мислењета по оваа точка од дневниот ред. Ребалансот на Буџетот ќе се обидам да го анализирам со помош на системски пристап. Како што природните, техничките и биолошките системи така и општествено - економските системи се стремат да бидат во баланс т.е. во рамнотежа во секој момент од времето. Оваа рамнотежа најчесто е динамичка. За разлика од природните изолирани системи каде што рамнотежата значи максимална ентропија т.е. хаос како конечна состојба на системот во организираните изолирани системи технички или општествено економски, одржувањето на балансот значи исполнување на некои смислено проектирани функции на системот кои ќе се противат на порастот на ентропијата и истата ќе ја намалуваат, со што ќе го зголемат редот и организираноста во системот. Притоа извршувањето на смислените функции мора да биде континуирано.

Ако врз системот не се врши континуирана и смислена акција тој влегува во дебаланс или нарушена рамнотежа при што ентропијата расте и само во прашање е време кога системот ќе се распадне.

За да се воспостави повторно динамичка рамнотежа на системот потребно е во него да се вложи енергија преку смислена акција за да системот повторно се оспособи да ја извршува проектираната функција. Овој процес на економски системи во случајов Буџетот, се нарекува ребаланс. Значи, овој процес на повторно балансирање во случајов го нарекуваме ребаланс. Кај сите системи овој процес на ребалансирање се врши преку смислено делување врз влезните и излезните големини од системот како и врз структурата на самиот систем. Конкретно за Буџетот може да се каже дека ребалансот на истиот не е нешто невообичаено што го правиме само ние.

Но, за разлика од другите држави невообичаено кај нас е тоа што нашата Влада не направила ребаланс кој ќе претставува смислена акција со цел да се направи повторна рамнотежа и не потрошила доволно пред се човечла енергија да ја совлада ентропијата т.е. хаосот кој беснее и расте во нашето општество. Јас внимателно го разгледав Предлог ребалансот и сигурен сум дека министерот има одговор за секоја ставка од ребалансот. Затоа, мојата цел не е да се впуштам во дискусија за конкретни бројки, туку гледајќи го буџетот како систем со одредена функција сакам да дадам оценка за него, анализирајќи ги влезните и излезните големини. Преку оваа оценка за Буџетот, всушност се дава и оценка за работата на сите министри, а не само на министерот за финансии, бидејќи Буџетот е слика за нивната работа во минатиот период и слика за нивната визија. Анализирајќи ги влезните големини приходите и излезните големини расходите во овој ребаланс, како и предложените корекции, јасно се согледува дека со исклучок на еден до два министер сите други работеле незадоволително, нестручно и без визија. Или речено со јазик на системскиот пристап не допринеле да се намали ентропијата во системот, т.е. хаосот, напротив тие го зголемиле. Зачудувачки е како голем дел од собраните средства од даночните обврзници стојат на сметките од министерствата, наводно водат политика на штедење, наместо средствата да ги вратат во оптек во стопанството.

Со оваа ваша смислена акција на штедење во која очигледно сте вложиле енергија го доведовте системот во ситуација каде индустриското производство бележи рекордни падови, како и другите области од живеењето. Од тие причини стопиран е и развојот на целата земја во сите области од животот. Што е позадината зад ова наводно штедење. Позадината е дека штедењето е само оправдување за неактивноста и отсутноста на смислена акција од страна на министрите во поглед на трошењето на средствата од даноците. Низ дејноста се гледа фактот што сите ставки од Буџетот, кои можат лесно само со потпис да се потрошат, се остварени, додека систе ставки, чие трошење бара смислена акција, што подразбира изготвување на сериозни инвестициони програми кои ќе треба да се споредат или да се судрат со европските норми и слично, не се потрошени.

Паралелно со оваа расходна страна, приходната страна не е целосно извршена. Не успеавте да ги соберете даноците свесно дозволувајќи им на некои фирми блиски на СДСМ кои се во потешкотии да земаат плата без да плаќаат придонеси и даноци. Затворате кафеани, продавници дури во забаталени селца, но

не хотели и маркети блиски на вашата власт. Не велам дека не треба да се санкционира се што не работи законски, туку велам правите само она што ви е лесно и што не бара енергија и висока организираност како на умот, така и на системот. Исполнувањето на овие две ставки од Буџетот приходната и расходната, зборува за немоќта и незнаењето на оваа Влада да направи организиран систем кој успешно ќе функционира.

Зошто употребив системски пристап кон разгледување на овој проблем ребаланс на буџет, кога и без сите овие теории можев да речам од бројките се гледа дека министрите не работеле добро. Системскиот пристап е поопшт од директно реализирање на ребалансот. Многу параметри, бројки меѓузависности, преку системскиот пристап се сведуваат на специјални случаи од системот и стануваат негови природни компоненти и не бараат објаснување, туку едноставно тие се негови делови. Бројот на параметрите и функционалните зависности при системски пристап е драстично помал, па оттука полесно и попрецизно може да се лоцираат местата во системот што не се функционални. Така, овде наместо да споредување илјадници бројки, системскиот пристап овозможува да се гледа влезот и излезот и состојбата на системот внатре, па да се заклучи дека оваа власт единствено што успеала е да ја зголеми ентропијата во системот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Шајновски, интересна расправа, дискусија, нешто вака од мое поле, доста провокативна за да извлечете некои идеи. Само би ве запрашал нешто ако можете да ми одговорите.

Вие на почетокот од вашата дискусија рековте дека растењето на ентропијата го балансира системот, имате една таква реченица. Го балансира, посебно во врска со Буџетот велите дека ентропијата го зголемува хаосот. И едната и другата констатација се точни, само објаснете ми контрадикторност на двете балансирања на системот и зголемување на хаосот.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Во природниот систем ако е изолиран се стреми во безконечно време да помине во бесконечен хаос. Додека техничките системи, општествено-политичките системи се системи со одредена цел или одредена функција. За исполнување на таа функција мораме да се бориме против неговото природно тежнение да ја намали ентропијата односно нередот во системот. Значи, разликата е во смислена кај

техничките системи и општествено политичките системи имаме смислена акција и за тоа треба идеја, треба енергија да се вложи за да се одржуваа таа идеја, таа функција. А, кај природните пуштени, изолирани системи природно секогаш мора да тежат кон хаос, кон рамнотежа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се надевам дека професорот што ве слуша ќе ви даде оценка за ова дали е точно, јас не сакам да давам оценки.

За збор се јави г. Гајур Сарач, а потоа пратеникот Никола Груевски.

ГАЈУР САРАЧ:

Благодарам господине претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Денес пред нас е Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година.

Се знае дека при крајот на секоја година се донесува односно се предвидуваат приходите и расходите на државата за годината која следи. Затоа, Буџетот е променлива работа и тоа зависи од промените во финансиските услови во државата. Значи, при донесувањето на Буџетот за тековна година не може да се планира околу финансиските токови во државата за годината што се донесува тотално. Сосема нормално е, не само кај нас, туку скоро во сите држави во светот се прават ребаланси на буџетите на тие држави. Секогаш причини за ребаланс на буџетот се извесни отстапувања од предвидените приходи и расходи во самиот Буџет. Во овој случај имаме измени кај даночните приходи, како и неколку измени кај расходната страна, како што се капиталните расходи, стоки и услуги што ги користи државата, заштита околу структурните реформи итн. И сите овие отстапувања треба да се регулираат и тоа се прави преку ребалансот на Буџетот. За 2004 година, како што стои во самото образложение имаме отстапување како кај приходната, така и кај расходната страна. Во Предлог ребалансот на Буџетот за 2004 година вкупните приходи, значи кај приходната страна, се планирани за износ од 56 милијарди и 249 милиони денари, што е за 1,7% помалку во однос на приходи планирани во Буџетот на Република Македонија за 2004 година.

Основни причини за намалувањето на приходната страна на Буџетот е намалувањето на даножните приходи или поаналитичко гледано намалување на увозните давачки, данок на добивка и персоналецот, персоналниот данок. Меѓутоа, имаме и зголемување и тоа кај приходите од данокот на додадена вредност.

Гледано поединечно и тоа само некои ставки од приходната страна на Буџетот на Република Македонија, како што се увозните давачки, каде што имаме намалување за околу 650 милиони денари, а причини произлегуваат како во образложението што стои од зголемениот степен на либерализација на увозот односноцаринските стапки се намалуваат или се сведуваат на нула степени. Поради тоа што Република Македонија стана членка на Светската трговска организација, но не и само за зачленување во оваа организација која налага сопствени критериуми при надворешно-трговско работење, туку и од многуте билатерални и мултилатерални за слободна трговија, каде Република Македонија има земено за обврска за намалување на царинските стапки или нивното сведување до нулта стапка.

Второ, како втор приход што го полни Буџетот, а во овој Предлог буџет се намалува, е персоналецот, кој се намалува за околу 300 милиони денари. Исто така, имаме намалување и кај данокот на добивка за околу 490 милиони денари, а поради повеќе наплатениот данок од добивка, гледано од аспект на завршните сметки во 2003 година и даночното ослободување за капитални инвестиции.

Како што спомнав и на почетокот, при анализирање на приходната страна во овој ребаланс на Буџетот за 2004 година имаме и ставки на приходната страна во кои имаме зголемување на приходите, а тоа е ДДВ која се зголемува за околу 390 милиони или 4,18% во однос на Буџетот во 2004 година.

Анализирајќи ја расходната страна на овој Предлог ребаланс на буџет на Република Македонија за 2004 година може да се види дека имаме намалување на расходите за 1,2 милијарди денари во однос на Буџетот на Република Македонија за 2004 година или расходната страна се сведува на 58,5 милијарди денари.

Основните постулати за ова намалување на расходите се, намалување на капиталните расходи за околу 800 милиони, за кои имаше и критики кон Министерството за финансии и при расправата за Предлогот на ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2004 година во Комисијата за финансирање и буџет, но објаснувањето беше дека причината за ова е донесување Закон за јавни набавки. Но, во иднина мора да се размислува за поактивна политика околу капиталните расходи.

Исто така, имаме заштеди кај расходите за стоки и услуги околу 110 милиони денари, имаме намалување и расходите кај структурните реформи. Исто така, имаме и нужни зголемувања на расходите во овој Предлог ребаланс на Буџетот на Република Македонија, како на пример, расходи за исплата на плати и

надоместоци кои се зголемени за околу 150 милиони денари, поради пролонгирањето на процесот на реформите на државната администрација. Расходи за трансфери до Фондот на пензиско и инвалидско осигурување кои се околу 140 милиони денари, расходи околу трансферот до Заводот за вработување кои се околу 670 милиони денари, расходи околу обврските по странски задолжувања се зголемуваат за околу 250 милиони денари итн.

Со овој предлог на ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2004 година, се предвидува дефицит од 2.207.000 денари, или 240 милиони денари помалку во однос на постојниот буџет за 2004 година.

И на крајот се наметнува фактот дека овој предлог за ребаланс на Буџетот на Република Македонија за 2004 година е рестриктивен, односно штедливоста околу расходите, а посебно кај капиталните расходи е многу висок, што треба да се размисли околу тоа овие капитални расходи што повеќе да бидат поактивни.

Благодарам господине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи господин Груевски не е тука, кој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

(Пратеникот Никола Груевски влегува во салата и бара збор.)

Се извинувам господине Груевски. Го заклучив претресот. Господине Груевски. Принципиелен сум.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Јас влегов во салата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не господине Груевски, јас најавив дека сте вие следен дискутант после господинот Гајур Сарач, вие бевте надвор. Вие не бевте тука. Јас прашав кој бара збор и чекав 20 секунди.

Ве молам, имате дискусија по текстот на Законот, можете тоа тогаш да го кажете. Јас го заклучив претресот, не можам да го враќам назад.

Ве молам, да си седете на место, бидејќи претходно беше најавено кој е следниот говорник после Гајур Сарач. А не знаевме колку господинот Груевски ќе збори, 2 минути, 3 минути или 20 минути.

(Пратеникот Груевски понатаму реагира и бара збор).

Не господине Груевски, јас го заклучив претресот. Јас прашав кој бара збор, а вие не бевте тука, чекав десетина, петнаесет секунди, Вие тогаш влеговте.

Го заклучив претресот и не може да се враќам назад.

Има можност да се зборува по текстот на законот и тогаш ќе кажете.

Сега ќе ги поминеме амандманите и ќе дојдеме на расправа по текстот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на раздел 14001 Програма 13 ставка 471 потставка 471114 и на раздел 06001 Програма 12 ставка 468 поставка 468111 и тој е составен дел на текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година.

Комисијата за култура поднесе амандман на раздел 18010 Програма 12 потставка 443612, Програма 15 потставка 443615 и на Програма 16 потставка 443616 и на раздел 04002 Програма 11 ставка 468 поставка 468111, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Славе Арсовски поднесе амандман на раздел 28001 Програма 11 ставка 467 потставка 467211 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 427 потставка 427114, по кој Владата не се произнела.

Комисијата за образование, наука и спорт поднесе амандман на раздел 16001 Програма 17 ставка 442 потставка 442117, ставка 443 потставка 443714 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 427 потставка 427122, ставка 443 потставка 443 717, ставка 443 потставка 443818, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Иван Анастасовски поднесе амандман на раздел 16001 Програма 14 ставка 427 за додавање нова потставка по потставката 427121 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 427 потставка 427122, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Михајло Георгиевски поднесе амандман на раздел 18010 Програма 15 ставка 443 потставка 443615 и на раздел 05001 Програма 17 ставка 463 потставка 463218, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Никола Груевски и Ганка Самоиловска Цветанова поднесоа амандман на раздел 02001 Програма 11 ставка 466 потставка 466118 и на раздел 01001 Програма 11 ставка 427 потставка 427122, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Никола Груевски и Илија Србиновски поднесоа амандман на раздел 13001 Програма 11 ставка 472 потставка 472114 и на раздел 02001 Програма 11 ставка 427 потставка 427122, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Никола Груевски, Силвана Бонева, Илија Китановски, Илија Србиновски и Ефтим Манев поднесоа амандман на раздел 13001 Програма 11 ставка 468 потставка 468113 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 463 потставка 463212, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Никола Груевски, Ганка Самоиловска Цветанова, Силвана Бонева, Илија Китановски и Ефтим Манев поднесоа амандман на раздел 13001 Програма 11 ставка 467 потставка 467121 и на раздел 12101 Програма 12 ставка 468 потставка 468115, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Никола Груевски, Ганка Самоиловска Цветанова, Сашко Кедев и Ефтим Манев поднесоа амандман на раздел 19301 Програма 11 ставка 443 потставка 443814 и на раздел 16001 Програма 15 ставка 441 потставка 441511, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Никола Груевски, Силвана Бонева и Илија Србиновски поднесоа амандман на раздел 02001 Програма 11 ставка 427 потставка 427122 и на раздел 14001 Програма 12 ставка 467 потставка 467212, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Никола Груевски, Силвана Бонева, и Сашко Кедев поднесоа амандман на раздел 04001 Програма 11 ставка 468 потставка 468111 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443314, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Србиновски поднесе амандман на раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443717 и на раздел 16001 Програма 12 ставка 468 потставка 468211, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Силвана Бонева, Ефтим Манев, Ѓорѓе Паљошковски и Илија Србиновски поднесоа амандман на раздел 13001 Програма 11 ставка 427 потставка 427118 и на раздел 14001 Програма 11 за додавање нова ставка 467, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Сашко Кедев поднесе амандман на раздел 19001 Програма 11 ставка 468 потставка 468111 и на раздел 08001 Програма 11 ставка 427 потставка 427122, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ганка Самоиловска-Цветанова поднесе амандман на раздел 18010 Програма 11 ставка 443 потставка 443612 и на раздел 06001 Програма 12 ставка 427 потставка 427122, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Силвана Бонева, Ефтим Манев и Илија Китановски поднесоа амандман на раздел 16001 Програма 12 ставка 468 потставка 468111 и на раздел 07001 Програма 11 ставка 463 потставка 463218, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Китановски поднесе амандман на раздел 10001 Програма 16 ставка 443 потставка 443819 и на раздел 04002 Програма 11 ставка 468 потставка 468111, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Никола Груевски, Силвана Бонева и Ефтим Манев поднесоа амандман на раздел 12101 Програма 47 ставка 471 потставка 471119 и на раздел 09002 Програма 13 ставка 462 потставка 462112, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Марјан Ѓорчев поднесе амандмани на раздел 14001 Програма 12 ставка 467 потставка 467212 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467121; раздел 14001 Програма 12 ставка 443 потставка 443721 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 428 потставка 428112 и на раздел 14001 Програма 13 ставка 443 потставка 443721 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443717, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Марија Којзеклиска поднесе амандмани на раздел 13001 Програма 11 ставка 471 потставка 471117 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 428 потставка 428112 и на раздел 13001 Програма 11 ставка 471 потставка 471117 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 428 потставка 428112, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на раздел 02001 програма 11 ставка 427 потставка 427122 и на раздел 14001 програма 12 ставка 467 потставка 467212, поднесен од пратениците Никола Груевски, Силвана Бонева и Илија Србиновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии.

Повелете господине.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Десетте минути за кворум почнуваат да течат.

Ги молам пратениците да седнат на своите места, а службите да го утврдат бројот.

Исто така и претставниците на Владата да седнат.

Почитувани пратеници, веќе кворумот не може да се обезбеди од 10-те минути и ја прекинувам седницата.

Продолжуваме во вторник во 10,оо часот.

(Седницата прекина со работа во 15,25 часот)